**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**од Второто продолжение на Дваесет и седмата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 27 октомври 2008 година**

Седницата се одржа во Собранието на Република Македонија, сала 1, со почеток во 11,28 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше господинот Трајко Вељаноски, претседател на Собранието на Република Македонија.

**Трајко Вељаноски:** Продолжуваме со работа по Дваесет и седмата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Иван Стоиљковиќ, Лилјана Поповска, Али Ахмети, Арбен Џафери, Мендух Тачи и Фиат Цаноски ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

**Минуваме на точката 2 - Предлог на закон за изменување и дополнување на Изборниот законик**

Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви е доставени односно поделени.

Ве известувам дека согласно член 62 став 5 од Уставот на Република Македонија овој закон се донесува со мнозинство гласови од вкупниот број на пратеници. Согласно член 11 став 3 од Законот за Комитетот за односи меѓу заедниците, во делот кој се однесува на локалните избори овој закон се донесува и со мнозинство гласови од присутните пратеници, кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија.

Отварам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Законодавно-правната комисија поднесе амандмани на член 15 став 1 и за додавање нов став 5 по ставот 4; член 25 за менување на ставот 3 со два нови ставови; член 94 и на член 102, со кои се согласил претставникот на Владата и тие се составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Пратениците Имер Селмани, Сулејман Рушити и Абедин Зимбери поднесоа амандмани на член 2 за менување на став 2; член 16 за менување на став 1 и на член 78 за менување на став 1 и на новиот став 2 алинеја 1, 2 и 3, по кои Владата не се произнела.

Пратеникот Павле Трајанов поднесе амандман на член 16 став 1 и на став 2 за бришење на новите ставови 4,5, 6 и 7 по кои Владата не се произнела.

Пратениците Теута Арифи, Рафиз Алити, Џеват Адеми, Аднан Јашари, Блерим Беџети, Џемаил Јашари, Сафет Незири, Зумрете Јакупи, Хајрула Мисини, Фазли Велиу, Тахир Хани, Феми Јонузи, Јулиета Марку и Вулнет Амети поднесоа амандман на член 100 став 2 по кој Владата не се произнела.

Пратениците Станка Анастасова, Миле Андонов, Весна Бендевска, Владо Бучковски, Славица Грковска Лошкова, Менде Диневски, Цветанка Иванова, Игор Ивановски, Јани Макрадули, Горан Минчев, Марјанчо Николов, Андреј Петров, Емилијан Станковиќ, Горан Сугаревски, Маринела Тушева, Никола Ќуркчиев, Томе Чинговски поднесоа амандман на член 100 стаљв 2 по кој Владата не се произнела.

Пратениците Тито Петковски, Соња Мираковска, Горан Мисовски поднесоа амандмани за бришење на член 46 и на член 78 за менување на став 1 и на новиот став 2 алинеи 1, 2 и 3 по кои Владата не се произнела.

Пратениците Марија Андоновска, Илија Димовски, Оливер Шамбевски и Александар Николовски поднесоа амандман на член 34 по кој Владата не се произнела.

Пратениците Јован Манасијевски, Роза Топузова Каревска, Ристо Пенов, Ѓорги Оровчанец и Андреј Жерновски поднесоа амандмани на член 1 за додавање на нов став 3 по ставот 2; за менување на член 2; член 4 за додавање нов став 2 по ставот 1 и за бришење на членовите 12 и 16 по кои Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандман на член 1 за додавање нов став 3 по ставот 2, поднесен од пратениците Јован Манасијевски, Роза Топузова Каревска, Ристо Пенов, Ѓорги Оровчанец и Андерј Жерновски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за правда, повелете.

**Михајло Маневски:** Владата не го прифаЌа овој амандман од причина што решението што е вградено во законот е резултат на досегашните искуства кои што се позитивни и кои не би требало да се менуваат на ваков начин како што се предлага во амандманот.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Владата не го прифаќа амандманот.

Ги повикувам пратениците кои сакаат да говорат по амандманот да се пријават за збор.Благодарам.

За збор се пријавија пратениците: Јован Манасијевски, Топузова Каревска Роза, Имер Алиу и Кадриу Флора.

Има збор господинот Мансијевски Јован, повелете.

**Јован Мансијевски:** Благодарам господине претседателе.

Дозволете ми да дадам едно појаснување бидејќи минатиот пат на минатата седница имаше мало чудење од некои колеги, од повеќето одобрување, сакам да соопштам дека пратениците на ЛДП и во иднина при сите свои излагања и од место и од говорница ќе говорат во стоечки став и се надевам дека ваквиот предлог и ваквиот начин ќе биде прифатен и од мнозинството во Собранието,

ќе влезе во Деловникот, затоа што во најголем дел од парламените се работи вака, тоа е израз на почит спрема колегите и израз на почит спрема граѓаните и очекувам подршка за ваквиот  начин на дебатирање во парламентот.

**Трајко Вељаноски:** Колега благодарам, додека не се регулира во Деловникот тоа е ваш слободен избор и никој нема право во врска со тоа да ви префрла. Продолжете.

**Јован Мансијевски:** Благодарам господине претседателе. Жал ми е што Владата не го прифаќа овој амандман, иако имам недоумица и дали Владата точно знае што се предлага со овој амандман. Затоа ќе ми дозволите во почетокот да објаснам што точно се постигнува со овој амандман.

Со амандманот на ЛДП се предлага гласањето да се врши по пат на таканаречени нефиксни листи. Сега гласањето се врши со фиксни листи. Што значи тоа? Тоа значи дека предлагачот го утврдува редоследот на кандидатите на листата и тој е непроменлив. Граѓанинот кога се определува за листата се определува за веќе дефиниран редослед. Ние предлагаме таа практика да се смени и предлагачот во својот предлог на листата утврдува редослед, меѓутоа,  тој редослед не е конечен. Конечниот збор за редоследот на листата го дава граѓанинот преку својот глас. Нефиксната листа како механизам функционира во повеќе изборни законодавства и е израз всушниост на признавање, на целосно признавање на волјата на граѓаните, затоа што како што кажав граѓанинот го дефинира редоследот на листата и ги дефинира пратениците кои влегуваат, а не партиските врхушки. Овој процес се смета за небалансиран затоа што предлагачот дава соодветна листа со одреден редослед, меѓутоа граѓанинот има право на корекција преку соодветно заокружување. Технички тоа ќе изгледа многу едноставно и е всушност многу лесно за изведба, затоа што во досегашниот систем со досегашните фиксни листи граѓанинот всушност го заокружуваше бројот пред листата или самото име на листата. Сега граѓанинот ќе има  можност и директно од листата на предложени кандидати да го заокружи тој кандидат кој што граѓанинот најмногу го преферира. На тој начин со давање на својата преференција на одреден кандидат граѓанинот ќе го има финалниот збор во конструирањето на листата. Јас сум убеден почитувани колеги пратеници, без разлика колку е убаво тоа да го чујат некои или не,сега парламентот нема да изгледаше вака ако имавме систем нефиксни листи. Токму од тие две причини кои што ги посочив нефиксните листи се супериорен модел, модел кој што одговара на граѓанинот. Овој модел сега што го имаме одговара на партиските врхушки. Многу сакаат во Македонија и медиумите, и аналитичарите и политичарите од одредени партии кога се во фракции да говорат за таканарениот синдром на “султан партии” во Македонија. Фиксните листи кои сега ги имаме само го потхрануваат и го зајакнуваат  тој синдром.

Исто така, многумина аналитичари велат дека многу лошата состојба со демократијата во институциите и во системот што имаме е резултат на непостоењето или на ниското ниво на внатре партиска демократија. Токму фиксните листи по кои гласаме сега, тоа ниво  внатре ниско на партиска демократија го потхрануваат, го охрабруваат и го одржуваат. Оттаму, ако не сме лицемери, ако сакаме да говориме за реално влијание на граѓаните визави партиските раководства, тогаш треба да дозволиме гласањето да се одвива по пат на нефиксни листи. Она што е битно и што треба секој граѓанин на Република Македонија да го знае е дека со овој модел лично на секој граѓанин му се отвора можноста тој да определи кој пратеник сака да го претставува во парламентот. Сега за жал како што реков не е така.

Вториот многу   битен аспект е што со ваквото гласање ќе се обезбеди и поправична регионална застапенст. Ние сме сведоци дека и сега со овој модел сите носители на листите и првите места на листите всушност доаѓаат од Скопје. И граѓанинот во третата, четвртата, петтата изборна единица нема начин да влијае на тоа затоа што така е договорено на највисоко партиско ниво. На овој начин со нефиксните листи токму граѓаните од Битола ќе можат да го заокружат кандидатот од Битола, граѓаните од Прилеп кандидатот од Прилеп, граѓаните од Струмица кандидатот од Струмица. Со можноста граѓанинот да одлучува се дава всушност реална моќ тој да го креира и влезот на пратеници во парламентот . Сега како што кажав не е така, па на пример во листи во одредени изборни единици речиси полвина од пратениците што влегоа и во овој состав и во изминатите не се од територијата на соодеветната изборна единица. Така што оние пратеници што се залагаат за реална регионална застапеност во овој парламент, за реално присуство на пратеници од секоја поголема општина во Република Македонија ќе дадат подршка на овој модел преку нефиксна листа.

Што значи ова одбивање на Владата? Мене ми е донекаде разбирливо господине министре дека за партијата која што ја претставувате ВМРО ДПМНЕ е непојмливо било кој, парламентот и граѓанинот да ја порекне волјата на партискиот лидер, претходно на Љубчо Георгиевски, сега на господинот Никола Груевски, мора така да биде како што кажал претседателот Груевски. Епа не мора така да биде и не треба да се плашите од тоа. Дајте им право на граѓаните да определта кого  сакаат да бидат во парламентот и убеден сум ниту листата на ВМРО ДПМНЕ ниту листата на опозиционите партии ќе изгледаше вака како што изгледа сега. Зошто господине министре вие и вашиот премиер се плашите на граѓаните да им дадете слобода тие да одлучуваат кој пратеник

влегува во парламентот. Овој модел сега како што реков им дава дополнителна сила на партиските врхушки и го игнорира мислењето на граѓаните и со овој модел затоа треба да прекинеме, ова е одлична шанса со измените на Изборниот законик да покажеме широчина. Ако не го подржиме овој модел тоа за жал ќе значи дека пратениците немаат ниту грам сила да се еманципираат од влијанието на партиските раководства и тоа ќе биде уште еден знак дека навистина состојбата на внатре партиската демократија е лоша и ние всушност немаме сила за реален исчекор и дека сите оние фрази дека граѓанинот е на прво место, граѓанинот е најбитен за жал се само фрази. Негласањето за овој амандман ќе биде всушност показ за вкупното лицемерие на овој парламентот како целина.

Оттаму господине министре од вас како искусен правник кој што поминал доста години во правосудниот систем кога се разговара за вака сериозен предлог не очекувам само Владата не го прифаќа амандманот, очекувам и образлоижение зошто за Владата на ВМРО ДПМНЕ е неприфатливо граѓанинот да одлучува кој ќе биде пратеник во Македонскиот парламент. Зошто господине министре тоа е неприфатливо? Затоа што ова прашање не е техничко прашање, ова прашање не е процесно прашање, ова прашање е политичко прашање. Овде партиите и пратениците се определуваат дали се за тоа граѓанинот да одлучува или се за тоа партискиот лидер да одлучува. Очекувам господине министре дополнително образложение и не го прифаќам вашето образложение од два збора.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.За реплика се јави господинот Владимир Ѓорчев, повелете.

**Владимир Ѓорчев:** Благодарам претседателе.

Само накратко неколку тези и предлози кои што евентуално се надоврзуваат на ова што го кажа почитуваниот господин Манасијевски.

Во насока на тоа што го говоревте јас би одел можеби и чекор понатаму како еднолично размислување, а тоа е следново. Господине Мансијевски да размислиме во тој случај и за модел на изборни едниници, односно мнозински изборен модел со 120 изборни единици и тогаш да имаме силна претставеност во Собранието на Република Македонија како во САД или Велика Британија. Јас сум сигурен дека тоа нема да го прифатите затоа што во тој случај ниту вие ниту било кој од вашата партија или вашата пратеничка група нема да биде во овие клупи. Вие тоа го знаете и токму од тие причини вашата партија од 1994 односно 1996 година ниеднаш се немасамостојно појавено на избори, дали кога зборуваме за изборите 1994 преку Сојузот за Македонија, дали кога зборуваме за 1996 година слоганот “Време е” и локалните избори или кога зборуваме за 2000 година и локалните избори, дали кога зборуваме за 1998 година кога само еднаш се одваживте да излезете со самостоен настап и имавте изборно фијаско, дали кога зборуваме за 2002 година кога исто така бевте дел од коалиција, дали кога зборуваме за локалните избори 2005 година, дали кога зборуваме за изборите 2006 година паралментарни или во следните избори 2008 година. Повелете, одважете се еднаш за самостоен настап, излезете пред изборите, излезете пред граѓаните и да видиме дали ќе можете тоа едноставно да го изведете. Вие како лидер на партијата еднаш и се залагавте за тоа минатата година кога бевте и против кандидати со господинот Стевче Јакимовски, повеќе пати нагласивте дека ќе излезете на самостоен настап, но никако не се одваживте на тоа.

Мојата сугестија до вас е: Повелете, излезете н а избори самостојно и видите дали било кој од вас како пратеници ќе влезе во овој парламент и ќе го помине изборниот цензус. Мојата дребност и моето мислење е дека апсолутно нема да влезете во о овој парламент и дека СДСм и онака ви даде премногу места, повеќе места отколку што реално заслужувате со 0,7% рејтинг кој што го имате.

И за крај уште еднаш да размислиме и за мнозинскиот модел. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас. За контра реплика се јави господинот Манасијевски Јован, повелете.

**Јован Манасијевски:** Господине Ѓорчев вие за жал никогаш нема да излезете од шинелот на вашиот лидер, претходно бевте слеп следбеник на Љубчо Георгиевски во сите негови корупциски афери, во целиот негов антиалбански синдром, ксенофобија, антинато, антиевропски синдром. Сега истото тоа го правите, само што сега имате нов шеф Никола Груевски и вие за жал нема никогаш да имате капацитет да размислувате поинаку од вашиот лидер. Како да ве прашам, вие кој што цел живот сте живееле во Аеродром ги претставувате граѓаните од третата изборна единица .

Мојата партија излегувала сама и треба да се потсетите 1994 година мојата партија 120 илјади, а вашата партија 140 илјади гласови. За жал, продолживте на бранот на национализмот, ксенофобијата, дури со расистички изјави и на тој начин за жал кај македонското гласачко тело ја добивте подршката. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас. Има збор госпоѓа Роза Топузова Каревска, повелете.

**Роза Топузова Каревска:** Благодарам почитуван претседателе.

Почитувани колеги пратеници, почитуван министре, навистина..

**Трајко Вељаноски:** Ве молам за тишина да ја сослушаме колешката, повелете.

**Роза Топузова Каревска:** Нема да му пречам во разговорот на колегата Ѓорчев одземен од емоциите неговиот портрет кога беше насликан, сигурно околу тоа сега споделува со другите колеги, ќе почекам значи една минута.

Почитувани колеги пратеници, почитуван министер, да бидам искрена во ниту еден момент не очекував дека министерот ќе го прифати овој амандман и тоа прво поради тоа што не би сакал, не дај боже се замери со лидерот односно премиерот кој што го има назначено и на кој што ревносно му служи прво. И второ, со оглед на тоа дека најголем дел од своето работно искуство го има поминато во едно време не само што листите беа фиксни туку беа едни и единствени листи и можеше граѓанинот да гласа “за” и не дај боже некој да се осмели против тие листи, така што со 90,9% беа избирани тогашните претставници во власта. Токму поради тоа не очекував дека министерот ќе го прифати овој амандман каде што се дава голема демократија, оди во насока на развојот на демократијата во Република Македонија каде што граѓанинот ќе може сам да одлучи кој од пратениците ќе сака да го претставува во парламентарниот дом. И не само што почитувани колеги пратеници се дава можност за развој на демократијата во Република Македонија и право на граѓанинот, туку се дава можност и за развој на партиската демократија. Знаеме дека пратениците кои што ќе бидат избрани по овој модел од нефиксните листи нема да бидат зависни од лидерите ниту за време на изготвувањето на листите и пред тоа како кандидати за пратеници, ниту пак ќе бидат зависник потоа кога ќе бидат во Парламентот. Со тоа мора да признаете дека во голема мера ќе се придонесе за поефикасен Парламент, поголема одговорност на пратениците и поголема ангажираност за да ги застапуваат интересите на граѓаните. Затоа што, ако од нив пратениците очекуваат да добијат уште еден мандат пред се ќе мораат да си ја вршат својата пратеничка функција која што ја имаат според Уставот и Деловникот, а не да се додворуваат на лидерот и да бидат послушници, да го стегаат копчето онака како што ќе добијат насока од партиските штабови. Исто така, пратениците тогаш ќе работат во служба на народот, на оние што ги избираат, затоа што тогаш ќе зависат од нив, тогаш народот, граѓанинот ќе го дава последниот збор и тогаш ќе кажува кој пратеник во дотогашниот мандат ги застапувал добро и понатаму ќе сакаат да ги брани нивните интереси. Вака почитувани колеги пратеници, не само што немаме демократија во Република Македонија, туку немаме ниту демократија внатре партиска, значи во партијата.

Јас очекувам подршка за овој амандман пред се од партиите од албанскиот блок од ДУИ и ДПА и ќе образложам зошто. Пред десетина месеци една делегација од пратеници беше присутна во Вилтон Парк каде што впрочем се говореше како до поефикасен Парламент, како до понезависни пратеници во Парламентот, независни во однос на своите лидери. Тогаш, двете партии ДУИ и ДПА дадоа согласност за ваков концепт на гласање, затоа што и таму претставниците со кои што работевме, со кои што го градевме ставот за поефикасен Парламент сметаа дека нефиксните листи водат кон тоа. И затоа почитувани колеги пратеници, очекувам да се надминете себеси и да дадете согласност за овој амандман. Тогаш, во Вилтон Парк Либерално демокатската партија го изнесе својот став и мислење. Лично јас кажав дека тоа навистина е модел кој што му дава на граѓанинот да одлучува сам и по свој избор да ги избира пратениците и дава поголема независност на пратениците од својот лидер. Од некои колеги и таму ми запретија: “кажи го ова во својата партија, па ќе видиш како ќе си поминеш ти од твојот лидер”. Еве, почитувани колеги пратеници, мојот лидер е прв потпишан на овој амандман. Така што во ЛДП има капацитет за развојот на внатрепартиската демократија.

Почитувани колеги пратеници, мислам дека во се треба да има дијалектика и ништо не е дадено еднаш засекогаш. Имавме мнозински модел, тој мнозински модел ги покажа своите недостатоци и многу земји, погледнето го компаративното искуство ќе видите дека го напуштаат тој мнозински модел, а за разлика од нас пак многу земји го имаат пропорционалниот модел, но со отворени листи, или како што ние ги нарекуваме нефиксни листи каде што граѓанинот сам ќе избира кој ќе сака да го претставува во Собранието. Не мора да одите многу далеку, погледнете ги моделите на соседните земји, значи во нашето опкружување и ќе видите дека ова не е нешто што не може да се реализира. Зошто сега го отвораме прашањето? Почитувани колеги, сега е момент да дебатираме за тоа. Денеска на дневен ред е Изборниот законик. ЛДП не учествуваше на лидерските средби и нормално иако има некои сугестии кои што одат во насока на развојот на демократијата не можеше да ги каже таму. И мислам дека е и добро што не присуствуваше, затоа што улогата на законодавниот дом е законите да се разгледуваат, да се дебатира по нив овде и врз основа на нашите дебати да се градат ставовите. Уште подобро е кога ќе биде вклучена и јавноста. И затоа ние ќе се залагаме секогаш за вака клучни закони да имаме и јавна дебата. Јас сум сигурна дека нема граѓанин во Република Македонија кој што ќе каже, не, на еден ваков предлог. Нема граѓанин во Република Македонија кој што не сака да има можност тој навистина да одлучува, а не само декларативно кој ќе го претставува, од кое место. Точно е и тоа дека најчесто носители на листите се пратеници од врвот на политичките партии наместо од местата каде што тие живеат. Тоа ќе остане така, но сепак, граѓаните ќе одлучуваат кој од пратениците ќе го заокружат и кому ќе му го дадат својот глас. И потоа и одговорноста на пратеникот е поголема кон граѓаните, затоа што знае дека токму нему и само нему му го дале граѓаните својот глас и тогаш ќе знае дали има повеќе гласови освоено во Скопје, Битола, Прилеп или било каде и ќе има поголема одговорност од граѓаните каде што освоил најголем број на гласови, ќе ги брани

нивните интереси и одговорно ќе си ја извршува својата функција, наместо да седат овде и да размислуваат како побрзо да помине времето и да дојде до гласање, да ги скратуваат дискусиите на една мунута, или помалку од тоа, ќе размислуваат што повеќе да направат за граѓаните кои што ги избрале. Уште еднаш на крајот очекувам подршка пред се од оние партии кои што дадоа подршка и во Вилтон Парк и со тоа докажаа дека нивните лидери имаат капацитет да го прифатат тоа, а очекувам и од еден добар дел на пратениците од парламентарното мнозинство од ВМРО-ДПМНЕ и од опозицијата за да докажат дека навистина се залагаат за развојот на демократијата во Република Македонија и развојот на демократијата во партиите. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

За реплика се јавија господиниот Рафис Алити и господинот Васко Шутаров.

Има реплика господинот Рафис Алити, повелете.

**Рафис Алити:** Ви благодарам господине претседателе.

Пратеничката Роза Топузова Каревска во нејзината расправа се повика кај пратениците на Демократската унија за интеграција кои учествуваа во Вилтон Парк, ги подржавме и тоа беше наша иницијатива како пратеници да имаме отворени листи. Јас повторно ќе нагласам, ние остануваме на тој став и лидерот на Демократската унија за интеграција го подржува ваквиот пристап, бидејќи се вели дека лидерите се плашат од отворените листи. За среќа нашиот лидер не се плаши од отворените листи. Напротив, тој е приврзаник на тоа. Но, пратеничката Роза Топузова Каревска треба да лобира во оваа насока и нејзината партија. Лобирањето секако е легална форма и доколку лобираше на соодветен начин било нејзиниот политички субјект или нашиот политички субјект можеби денес дел од овој изборен закон ќе беа и отворените листи. Но, по се изгледа ние сме сериозна партија. Спогодбата на лидерските средби секако ќе се почитуваат. Додека ништо не е статичко и овој Изборен законик сугурно во идните три години доколку велам во идните три години се созреат условите и политичкиот амбиент во Република Македонија, секако дека можеме да покренеме ваква иницијатива за дел од Изборниот законик да бидат и отворените листи. Така што нема место за обвиненија дека ДУИ, или пратениците на ДУИ го промениле ставот. Напротив, ќе нагласам уште еднаш, спогодбата на лидерската средба треба да се почитува од сите нас независно што размислувме, или кој беше нашиот пристап. Сигурно дека доколку овој предлог Изборен законик да го направеше само ДУИ ќе изгледаше сосема поинаку. Но дел од овој предлог Изборен законик се и други субјекти кои се дел од овој Парламент. И секако дека на тие лидерски средби се прават компромиси и тие компромиси ќе ги почитуваме до крај. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

За контра реплика се јави госпоѓа Роза Топузова Каревска, повелете.

**Роза Топузова Каревска:** Благодарам почитуван претседателе.

Со задоволство можам да констатирам дека ДУИ не го променила својот став и добро е што сеуште размислува во таа насока. Меѓутоа, очекувам дека лидерските средби и тоа е договор како што и самиот кажавте, не можат да бидат над Парламентот, ниту пак се божја заповед да не може вие да дадете подршка за нешто што е ваше мислење, дури кажавте дека и ваш предлог бил во Вилтон Парк и да не направиме заеднички нешто во насока на развојот на демократијата и развојот на внатре партиската демократија. Според тоа, очекувам дека ДУИ ќе остане доследна на себе, ќе го почитува договорот во сегментите кои што се договарале. Но, ова воопшто и не било предмет на дискусија. И затоа сепак, Парламентот е тој кој што одлучува. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

За реплика се јави господиниот Васко Шутаров, повелете.

**Васко Шутаров:** Благодарам почитуван претседателе, почитувани претставници на Министерството за правда, почитувани колеги,

Во дијалектиката што ја спомна почитуваната Роза Топузова Каревска и во марксистичката и во хегеловата има еден постулат кој што вели: вечно враќање кон старото, или вечно враќање кон историското минато. Во демократскиот централизам, или за време на социјализмот, врвот на социјалистичките процеси беше демократски централизам, овој процес се викаше диференцијација. И претпоставувам дека колешката ме разбира што сакам да и кажам. Имено, овој патент на ЛДП го ценам како еден вид диференцијација од заедничките листи со СДСМ и ништо повеќе. Што ме загрижува во овој предлог? За прв пат македонскиот Парламент има претставници од Вевчани, од Радуша, од Кратово, од Свети Николе, од Виница, од многу мали места низ Република Македонија. Наместо султанизација против која што се борите, овој отворен, или нефиксен модел за мене претпоставува опасност од метрополизација на пратеништвото. Ако претпоставиме дека пратеничките листи од изборна единица 4 содржат 20 пратеници претпоставувам дека првите 10 ќе бидат 5 од Прилеп и 5 од Струмица. Што со претставништвото на Дојран или на Валандово, што со претставништвото на помалите места? Уште еден сегмент ме загрижува во вашиот предлог за кој што вие многу настојчиво се борите. Што со членот 64 став 5 од базичниот закон за избори кој што вели дека на листата треба на секое трето место да има еден претставник од спротивниот пол. Каква гаранција ќе имаме дека оваа законска норма ќе биде

почитувана? Во Франција ако на листите на кандидати барем 50% не се жени, тогаш во рефинансирањето или финансирањето на политичките партии после тоа се плаќаат пенали. Вие тоа добро го знаете.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

За контра реплика се јави госпоѓа Роза Топузова Каревска, повелете.

**Роза Топузова Каревска:** Благодарам почитуван претседателе. Очигледно дека колега добро ги познавате придобивките на социјализмот, се надевам дека ги имате и користено во тоа време. Меѓутоа, напротив не се работи за она што вие го рековте, туку се работи за регионализација и можност на граѓаните да изберат. И да ја земам четвртата изборна единица, сигурна сум дека ќе има претставници и од Прилеп и од Неготино и од Кавадарци и од Гевгелија од каде што вие доаѓате. Апсолутно не се работи за она што го кажавте. И не прв пат во овој Парламент има претставници од местата кои што вие ги наброивте. Има и досега, но тие се по желба на лидерот, а тогаш ќе бидат по желба на граѓаните. И што се однесува околу жените, тоа е техничко прашање и тоа може да се реши една третина од избраните кандидати да бидат од женскиот пол. Меѓутоа, јас не се сомневам и граѓаните ќе гласаат за жени, затоа што знаат дека жените добро ја вршат пратеничката функција.

**Трајко Вељаноски:** Има збор господинот Андреј Жерновски, повелете.

**Андреј Жерновски:** Благодарам почитуван претседателе.

Не ми е јасно зошто толкава паника, толкав страв за еден предлог кој што всушност произлегува од она што го дискутираме пред странците, пред новинарите, пред нашите граѓани. Значи, кога сме со нив секогаш дискутираме дека сме за тоа да им го дадеме правото на граѓаните, сме за тоа тие да не бираат. Но, кога ќе дојде конкретен предлог пред пратениците, тогаш станува страв. Инаку, ова е еден од амандмани за законот кој што оди по итна постапка, точно месец дена одкако претседателот на Парламентот изјави пред странските амбасадори дека нема повеќе во Собранието на Република Македонија да имаме закони по итна постапка. Но, тоа беше пред месец дена, а тоа во Македонија навистина е многу.

Она што сакам да го потенцирам е дека за мене е неразбирливо зошто ние како ЛДП би ги промениле ставовите таму како што кажа мојата колешка во Вилтон Парк, или тоа што го зборуваме со новинарите, напротив ние тоа сега го предлагаме. И кој сака од политичките партии, од пратеничките групи нека ги праша своите подржувачи, своите симпатизери, своите членови, дали сакаат тие да одлучуваат за тоа кој ќе биде пратеник или партиските раководства, партиските елити да одлучуваат. Јас тврдам дека 80 до 90% ќе ви кажат дека сакаат тие да одлучуваат, без разлика на партиска припадност, без разлика на полова припадност иако овде некој особено се грижи за половата припадност од спротивниот пол и иако не треба воопшто да се плашиме за тоа кој треба всушност да гласа во овој Парламент, односно кој треба да ги претставува граѓаните во овој Парламент. Два факти не може никој барем според мене од пратениците да ги побие. Прво, дека граѓаните одлучуваат за партискиот состав во ова Собрание, а не за персоналниот состав. Второ, дека граѓаните ги ставаме пред свршен чин затоа што тие мора да гласаат за листата таква каква што е предложена од раководството, ако сакате и од мојот претседател и од претседателите на другите политички партии, а не да гласаат како што тие сакаат, затоа што можеби јас како симпатизер на СДСМ сакам да гласам за Јани, не за Игор, можеби сакам да гласам за Оливер, а не за Трајко, и можеби сакам да гласам за Ермира, а не за Теута. Меѓутоа, ако вие ни ја дадете листата таква каква што е, тогаш јас немам право едноставно да го бирам тоа и тоа е тоа што ми смета, што ни смета на нас од ЛДП и што треба на сите да им смета. Ако не, прашајте ги граѓаните дали е тоа така, или не. И не разбирам зошто толкав отпор да им се овозможи тоа на граѓаните на Република Македонија. Тоа е податок со кој што ние ќе го докажеме дека во оваа земја владее демократијата, тоа е нешто што очекував за разлика од мојата колешка Роза Топузова, Владата да го подржи и во своите платени политички програми и во своите реклами кажува дека сака да го почитува ставот на граѓаните, мислењето на граѓаните.

Ако сакате како Влада, почитуван господине минситер, да ги почитувате ставовите на граѓаните, тогаш требаше овој амандман да го прифатите. Сега, топката е кај политичките партии во Парламентот. Гледам дека некои размислувале да го гласаат, гледам дека некои се уплакија повеќе отколку што јас мислев, меѓутоа нема потреба од страв. Се разбира, се се сведува, овој амандман можете да го крстите како амандман за тоа кој каде се додворува и кој со кого контактира. Нашето мото е немојте да се додворувате и да контактирате само со партиските лидери, туку додворувајте се и контактирајте со граѓаните, со своите гласачи.

Затоа, господинот Ставрески секогаш ќе биде против ваков амандман од име на Валдата, затоа што тој наместо да го гледате како контактира со граѓаните на Република Македонија, тој после првата владина седница, што одеше директно на телевизија вели - јас одам последен, заминувам доцна но, господиен премиер, знаете што, вашето светло сеуште работи. И така господинот Ставрески се обезбедува и другите кои се во политичката елита обезбедуваат високо, високо место. Не. Тоа оставете им го, ако сакате, почитувани пратеници колеги на своите граѓани.

И, на крајот, не можам да се согласам почитуван коелга од ДУИ да ни кажете дека тоа е договорено на средбите во Клубот на пратеници и

дека тоа мора тука да се спроведе. Ако така размислуваме сите во Собранието на Република Македонија, тогаш нависитна не ја гледам причината за постоење и функционирање на Собранието на Република Македонија. Ако се се договара во Клубот на пратеници, тогаш овој Парламент очигледнио се претвора само во една институција што го верификува тоа што се договара во Клубот на пратеници.

Тоа не смее да биде така. Затоа очекувам токму координаторите на парламентарните групи да бараат овде да се одвива дебатата, овде да се одлучуваат работите или ако веќе сакате институционално во Република Македонија да се носат законите.

Уште еднаш, нели се вели дека надежта последна умира, се надевам дека овој предлог сепак ќе биде прифатен. Да, можеби звучи премногу ново, премногу свежо во овој наш македонски етер, меѓутоа ве уверувам оваа одлука, до колку ја изгласаме и до колку стане составен дел на Изборниот закон, ќе биде поздравено од гласачите, од граѓаните на Република Македонија. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

За реплика се јави господинот Лазарев Јован, повелете.

**Јован Лазарев:** Благодарам почитуиван претседателе.

Почитуван коелга Жерновски,

Во изборите сум вклучен од 1990 година и цели 18 години сум учествувал во организацијата и спроведувањето на сите избори до сега кај нас. Морам да признам овој предлог е интересен за размислување и можеби во некое идно време навистина ќе биде применлив за Макеоднија. Меѓутоа, во овој момент тој предлог не е прифатлив за Република Македонија од повеќе причини, што ние како држава сеуште се соочуваме со други, многу посериозни изборни проблеми, што всушност и на сите досегашни избори се забележани од независните набљудуачи, од ОБСЕ и другите. Сеуште сем соочени со полнење на кутии и други нерегуларности. Можеби нашата цела енергија и сила треба да ја насочиме како изборите, пред се, да ги направиме регуларни, кои ќе бидат позитивно оценети од Европската унија.

Овде веќе се изнесоа други проблеми. На пример сега, со 6 изборни единици, како што е Република Македонија, може да се случи никогаш да немаме пратеник од Демир Капија, никогаш да немаме пратеник од Демир Хисар, од Вевчани и т.н. Логично е дека секој граѓанин ќе гласа за кандидат за пратеник од своето место. Така на пример сега, во изборна единица 4 најмногу пратеници, можеби и сите пратеници ќе бидат од Струмица и Прилеп. Логично, затоа што таму има најмногу гласачи. Веќе беШе спомнат и проблемот со жените, како ќе го решиме проблемот со еднатретина жени на изборните листи. Може да се случи на некоја партија, во некоја изборна единица, ако по технички пат го спроведуваме тоа, некоја госпоѓа да добие стотина гласови и сос тотина гласови да биде рпатеник. Каков легитимитет ќе има таа тогаш? Рака што, ова размислување, можеби е добро кога Република Македонија ќе биде една изборна единица, но пред тоа ние мораме да ги решиме сите нерегуларности и да направиме 1-2 циклуси, целосно регуларни избори што ќе бидат оценети позитивно од набжудувачките мисии. Благодарма.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

За контра реплика се јави господинот Жерновски Андреј, повелете.

**Андреј Жерновски:** Благодарам.

Почитуван колега,

Можеби јас не објаснив добро, можеби вие не сфативте добро.

Напротив. Полнењето на кутии, што го спомнавте, се случува токму затоа што симпатизерите, поддржувачите, членовите ги прават инцидентите затоа што гласаат за политички партии. Набојот е од таму.

Второ, дека нема да биде, слушнав и од други колеги, да има претставник од некои помали населени места, не е точно. Затоа што ако сакате, според излезноста на последните избори, еден пратеник “тежеше” околу 6 илјади гласови. Така што, ако од насленото место сакаат да гласаат, ќе гласаат за пратеник од тоа место, тој ќе влезе, повеќе од сигурно.

Но јас, на крајот би сакал само да ви се заблагодарам што вие сакате да ја подржите оваа иницијатива и што ја сметате за корисна во политичкиот живот на Република Македонија. Благодарма.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

За збор по амандманот беше пријавен господинот Алиу Имер, не е присутен во салата. Тој го губи правото за збор.

Исто така за збор беше пријавена госпоѓа Флора Кадриу, не е присутна во салата, го губи правото за збор по амандманот.

Бидејки листата на пријавени пратеници за збор е изцрпена, констатирам дека претресот по амандманот е завршен.

Амандманто го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 77 пратеници, од нив за амандманот гласале 9 пратеници, од гласање не се воздржал никој, против гласале 68 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 1 за додавање нов став 3 по ставот 2 поднесен од пратениците Јован Манасиевски, Роза Топузова Каревска, Ристо Пенов, Ѓорѓи Оровчанец и Андреј Жерновски.

Отворам претрес по амандманот на член 2 за менување на ставот 2 пондесен од пратениците

Имер Селмани, Сулејман Рушити и Абедин Зумбери.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор минситерот за правд,а повелете.

**Михајло Маневски:** Благодарам претседателе.

Владата не го прифаќа амандманот што е поднесен на членот 2 став 2.

Сите знаеме дека во изминатиот период неколку пати биле вршени измени и дополнувања на Изборнаиот законик, на изборното законодавство, од мнозинскиот модел, од избор на пратеник од секоја изборна единица до мешан модел, мнозински и пропорционален и сега чисто пропорционален модел.

Ова што сега се предлага не е прифатливо, Валдата не го прифаќа овој амандман, со оглед на тоа што досегашните решнија вградени во Изборниот законик ги потврдуваат одлуките што се однесуваат и за избор на пратеници во 6 изборни единици и 3 изборни единици за дијаспората и, се разбира, во наредниот период, до колку се потврдат определени околности што ќе го оправдаат овој модел, секако дека во Изборното законодавство е корисна секоја идеа. Но, некои од нив треба да зреат, за некои треба да се разговара. Мислам дека сега не е време за ваква измена во Изборното законодавство. Од тие причини Владата не го прифаќа овој амандман.

Ако се говори за одлуки во Клубот на пратеници, тогаш секако се говори веројатно за политичкиот дијалог за што многу пати било укажувано дека тој политички дијалог треба да биде константен. Тој политички дијалог треба да се остварува и реализира за решавање на најзначајните политички прашања . Едно од прашањата што бара и политички консензус и политички дијалог, што е остварен е Изборниот законик.

Од сите тие причини Владата не го прифаќа овој амандмна.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам .

Амандманот не се прифаќа.

Ги повикувам пратениците кои сакаат да говорат по амандманот да се пријават за збор. Благодарам.

За збор по амандманот се приајви господинот Рушити Сулејман.

Има збор господин Рушити Сулејман, повелете.

**Сулејман Рушити:** Благодарам господине претседателе.

Јасно се гледа дека во Собранието на Република Македонија се остава впечаток дека се што е договор меѓу лидерите, не што не смее ниту да се спомне или пак некоја нова идеа да се даде, туку не смее да се даде ни поинаква проценка. Мислам дека предлогот на Нова демократија, амандманот на истата партија за една изборна единица, после многуте анализи што се направени од страна на нашите експерти, по дискусиите со многу заинтересирани страни за, колку што е можно подемократски изборен процес во Република Македонија, процес што ќе ја одрази, колку е можно најдобро волјата на секоај граѓанин, со една изборна единица, мислиме дека еден од механизмите што нема да оштети ниту еден глас. Затоа што волјата на секој граѓанин треба да се има предвид во демократските системи.

По предлогот и актуелниот Закон, како што е до сега, сите знаеме дека има голем дел на граѓани кои живеат во изборни единици каде не може да имаат доволен број на гласови за да помине барем еден пратеник со тие гласови. Со ова, мислам дека во прв ред бројот на пратеници Албанци во целост е помал, од бројо тна граѓани Албанци кои живеат на целата територија на Република Македонија. Некои гласови одат, условно кажано, напразно поради овој систем.

Мислам дека не само една изборна единица, туку и предлозите и амандманите што се предложени во Собраниево и по договорот и по средбата на лидерите, мислам дека треба повторно да се оценат и разгледаат. Тоа е закон поврзан со 9-тата одредница или бенџ марк, што доаѓа од Европската унија, со обврската што е можеби и главна што ја имаме туак во Република Македонија, колклу што е можно послободни и подемократски избори.

Сметам дека повторно треба да се разгледа овој прелдог, да се земат предвид не само идеите и сугестиите што доаѓаат од средбите меѓу лидерите, туку треба да се земат предвид и предлозите што доаѓаат од другите партии, предлози што доаѓаат и од аналитичари и разни експерти, стручњаци кои сигурно имаат идеа за надминување на овој проблем.

Освен овој предлог, ние имаме несогласување и со некои други промени што се прават. Меѓутоа, се чини дека, доколку и поднесовме амандмани, сега е веќе се договорено и е попусто да се интервенира. Со самиот факт што ние и цената за гласот што треба да се плати на политичките партии, мислиме дека е тоа голем износ што ќе го оптовари Буџетот на Република Македонија. Износот што до колку се претвори во евра е 3 евра за глас, со тоа, со една пресметка што е направена од нашите стручњаци, речиси два милиони евра ќе требаат само за еден изборен процес. Тоа се средства што ќе треба да се издвојат од Буџетот на Република Македонија. А, имајки го предвид фактот дека сега веќе е практика во Македонија да имаме и предвремени избори, тогаш секои две години Македонија ќе треба да потроши по 4 милиони евра односно по 2 милиони евра на секои 2 години. До колку ова го претвориме во инфра структура, во патишта, училишта, болници и т.н., мислам дека тоа е буџет што не треба да се потроши во оваа насока.

Самиот факт што истиот Буџет што сега е оптоварен, на политичките партии ќе им се пуштат, без оглед на проценката што доаѓа од

Заводот за ревизија, значи не се чека Заводот за ревизија даде одговор во однос на регуларностите за секоја политичка партија, туку прво се пуштаат средствата, а потоа ќе дојде извештајот на Заводот за ревизија и тој ќе биде непотребен бидејки нема да го има потребното влијание што сите мислиме дкеа треба да го има.

Уште еднаш барам подршка од другите политички партии и од пратениците во Собранието на Република Македонија да го гласат овој амандман, затоа што мислам дека е амандмна што ќе им овозможи и на помалите политички партии, меѓутоа ќе им овозможи и на поголемите албански политички партии гласот на Албанците да влијае на зголемвуање на бројот на пратеници Албанци во Собранието. Со нашата симулација мислиме дека во една изборна единица минимумот ќе биде 35 пратеници Албанци. Благодара.

(Со седницата продолжи да раководи Светлана Јакимовска)

**Светлана Јакимовска:** Благодарам и јас.

За реплика господинот Догани Бесим, повелете.

**Бесим Догани:** Ви благодарам.

Сакав да реплицирам околу тоа што пратеникот, господинот Рушити го изнесе.

Во начело, јас и партијата што ја застапувам сме транспарентни за нови идеи, отворени сме за нови солуции било за овој или други закони. Но, мислам дека за ова прашање е потребно да се направи поширок разговор, поголемо истражување.

Разбирам дека со овој предлог амандман помалите апртии во Македонија ќе го добијат правото да бидат застапени во Собранието на Република Македонија, но од друга страна ова мислам дека не е толку од корист, од причина што ќе се направи дефрагментаризација и уште поголема на застапеноста на Албанците во Парламентот, знаејки дека во Парламентот е потребна поголема сублимација на албанските претставници околу идеата за завршување на отворените прашања во однос на албанскиот идентитет.

Второ, немаме гаранции, 100% гаранции и анализи ако Македонија стане една изборна единица, бројот на пратениците Албанци дека ќе се зголеми, со оглед на тоа што треба сите да признаеме дека вината е кај албанските партии што не успеваат да ги мотивираат своите гласачи, така што често се случува бројот на гласачи Албанци да биде помал, спореден со бројот на македонските гласачи. Ова се надоврзува на изборниот праг, со бројот што треба да се постигне за да може една личност да биде пратеник и мислам дека сосотјбата би била иста.

Но од друга страна би било многу подобро партиите, било Албанци но и другите да бидат посериозни во нивните понуди, да бидат посериозни во исполнување на ветувањата. Мислам дека со овој постоен систем ќе успееме да имаме повеќе гласачи.

Во однос на коментарите за Буџетот оваа држава има висок Биџет, има Буџет за многукратни проекти, честопати и за празни проекти. Мислам дека оптоварувањето на Буџетот не е некој проблем за кој треба да расправаме. Благодарам.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам и јас.

За контра реплика се јави господинот Сулејман Рушити. Повелете.

**Сулејман Рушити:** Не треба да се сфати како контра релика туку едно дополнително објаснување во однос на тоа што го кажав и во однос на тоа за што реагираше господинот Догани.

Мислам дека ниту еден политичар нема право или пак не може да каже дека ние прашањата ги очекуваме во еволутивен аспект да бидат решени. Не може да се каже дека е рано да се донесе одлука. Секогаш политичките партии, политичарите и пратениците се тие кои треба да ги предводат процесите и посебно кога се работи за еден поширок интерес, независно од тоа од каде доаѓаат предлозите, дали е од некоја помала или поголема политичка партија, кога интересот е заеднички треба да се поддржи. Благодарам.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам и јас.

Бидејќи е исцрпена листата на пријавени пратеници за збор, констатирам дека претресот по амандманот е завршен.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласаа вкупно 73 пратеници, за амандманот гласаа 6, воздржани 2, против 65 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 2 за менување на став 2, поднесен од пратениците Имер Селмани, Сулејман Рушите и Абедин Зумбери.

Отворам претрес по амандманот за менување на член 2, поднесен од пратениците Јован Манасијевкси, Роза Топузова - Каревска, Ристо Пенов, Ѓорѓи Оровчанец и Андреј Жерновски, под архивски број 07-5558/27.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за правда, господинот Михајло маневкси, повелете.

**Михајло Маневски:** Владата не го прифаќа овој амандман имајќи ги предвид и одлуките на Собранието да не го прифати амандманот 1 и амандманот 2, кои се однесуваат на нефиксните листи и кои се однесуваат на тоа територијата на Република Македонија да биде идна изборна единица. Овие амандмани не беа прифатени од Собранието.

**Светлана Јакимовска:** Амандмнот не е прифатен.

Ги повикувам пратениците кои сакаат да говорат по амандманот, да се пријават за збор.

Благодарам.

За збор се пријавија пратениците Јован Манасијевски, Андреј Жерновски и Роза Топузова-Каревска.

Има збор господинот Јован Манасијевски, повелете.

**Јован Манасијевски:** Благодарам госпоѓо потпретседател.

Со овој амандман ЛДП бара да не се зголемува бројот на пратениците во Парламентот. Тоа е едниот дел на амандманот. Вториот дел од амандманот е Република Македонија да биде една изборна единица.

Господине Маневски, навистина потполно е нејасно кога вашиот премиер не бира ниту една прилика за да го нападне Парламентот како опструктивен механизам, како бавен, како неработлив, со која логика сега предлагате да се зголеми бројот на пратениците. Нема никакво оправдување, господине министре, да се зголемува бројот на пратеници, а вие токму тоа го предлагате со овој закон, особено затоа што станува збор за тројца пратеници од дијаспората.

Ако погледнеме финансиски, господине министре и требало да ви го кажат тоа вашите советници колку доаѓањето на седниците, патните трошоци итн, ќе не чинат овие плус тројца пратеници. Ќе не чинат приближно колку 40 пратеници од Република Македонија. Значи ние го зголемуваме бројот на 123 пратеници, а трошоците ќе бидат како да имаме Парламент од 160 пратеници. Врз основа на кои аргументи и со кое образложение го предлагате тоа господине министре. Аналитиката говори сосема спротивно. Македонскиот парламент според бројот на пратеници и бројот на избирачи е еден од најгломазните, најголемите парламенти во Европа и во светот. Тоа бројките недвојбено го покажуваат.

Пред некој ден и господинот Петковски во расправата по Уставот спомна. Господине министре ние треба да одиме во спротивна насока. Не да го зголемуваме бројот на пратениците туку да го намалиме. Тука уставотворецот кога го носел Уставот згрешил. Преголема е бројката. За Република Македонија идеална бројка е од 90 до 100 пратеници. Впрочем компаративните искуства тоа и го говорат. Словенија има 90 пратеници, балтичките држави по 100 држави. Тоа е обемот на работа, обемот на население, рациото спрема пратеник и избирачи кои ги претставува, што е нормално и логично. Значи Македонскиот парламент и сега е преголем и прегломазен, вие предлагате уште повеќе да го зголемиме. Веројатно затоа пак после премиерот Груевски уште повеќе да го напаѓа Парламентот дека е уште поопструктивен, побавен и понеспособен да работи. Никаква логика нема во вашите предлози, господине министре. Било кој граѓанин на Република Македонија ако го прашате дали е за тоа да се зголеми бројот на пратеници, ќе ви каже не. За кого ја носите оваа одлука, кога сите граѓани се против оваа одлука. Зошто се зголемува бројот на пратениците. Како што кажав трошоците ќе рипнат за преку 30% затоа што со бројот на седниците, историски ако се направи анализа, број на седници, број на комисии, нужно присуство и целата логистика и трошоци за овие тројца пратеници од дијаспората, ќе имаме потреба од зголемување на буџетот на Собранието во астрономски рамки. Зошто, кога и сега граѓаните не се задоволни од тоа како работи Парламентот. Зошто, кога и сега 80% од пратениците ги преспиваат седниците и тука се само за гласање. Никаква логика нема, никаква оправданост. Навистина овој предлог јас би го нарекол и срамен. Во оваа криза вие предлагате Парламентот да се зголеми, како што ја зголемувате администрацијата комплетно неоправдано со нови партиски војници, сега го зголемувате и Парламентот, премиерот потоа ги зголемува и платите на државната администрација, сите се фини и задоволни, а граѓаните преку даноците жестоко и скапо ги плаќаат тие екскурзии на умот на вашата Влада. Оттаму, како што всушност и најавивме во пленарната дискусија, приликата за измена на Уставот, пратеничката група на ЛДП ќе ја искористи и во правец на промена на Уставот и во однос на тоа прашање Македонскиот парламент да брои од 90 до 100 пратеници, сосема доволно, дури и предоволно за ова ниво на работа на пратениците и за вкупната поставеност и функционалност на системот. Значи ниту еден аргумент нема за да се зголемува бројот на пратениците. Тоа е против интересот на граѓаните и тоа е всушност најбезобразно непочитување на волјата на граѓаните.

Што се однесува на вториот дел од овој амандман барањето на Република Македонија да биде една изборна единица е барање на сите објективни аналитичари кои го следат развојот на изборниот систем во Република Македонија. Македонското општество е високо хетерогено општество и за такви општества аналитичарите апсолутно немаат дилема. Најпрепорачлив модел е моделот на пропорционален изборен систем со една изборна единица. Најдете ми еден аналитичар кој го тврди спротивното. Всушност досегашната историја на развојот на македонскиот изборен систем го покажува тоа, како се движевме од чист мнозински систем кон повеќе пропорционални облици, така Собранието добиваше во поголем репрезентативност, што меѓу другото е една од главните функции на законодавниот дом. Значи Република Македонија е високо хетерогено општество. Во Република Македонија не живеат само Македонци и Албанци, живеат припадници на етнички заедници кои се тука со респектабилен број. Меѓутоа, покрај тоа што се со респектабилен број се и со респектабилно историско влијание во основањето и функционирањето на македонската

држава. Со овој систем што сега го имаме на шест изборни едници, нема гаранција дека претставниците на овие помали етнички заедници ќе бидат присутни. Со системот на една изборна единица има гаранција дека ќе имаме фер репрезентација на претставниците на етничките заедници, се разбира доколку партиите на тие етнички заедници реално ги претставуваат граѓаните од тие етнички заедници. Јас верувам дека во голема мера тоа е така. Оттаму, доколку примениме пропорционален модел со една изборна единица воопшто нема да има потреба од квоти и од ново зголемување на Парламентот за уште 10 пратеници, како што најавивте. Пропорционалниот систем со една изборна единица ќе ги апсорбира сите потреби по оваа линија. Така на пример јас говорев и минатата година кога Изборниот законик беше на дневен ред, со една објективна анализа, на пример, на припадниците на турската заедница кои учествуваат со бројот на бирачита. Некаде под 50 илјади избирачи имаме од турската етничка заедница. Тие со системот на една изборна единица каде што со сегашниот одзив еден глас тежи отприлика 6 до 7 илјади гласови. Тие доколку ја мобилизираат турската заедница во Република Македонија би можеле да имаат 7-8 пратеници, доколку ја мобилизираат максимално и се разбира доколку нема конкуренција во листите. Сличните анализи се однесуваат и на припадниците на српската заедници, на припадниците на ромската заедница, на припадниците на бошњачката заедница. Единствено голем знак прашање е дали со овој систем припадниците на влашката заедници би обезбедиле место, меѓутоа може и тука да се направи посебен исклучок со еден мал редизајн на Изборниот закон. Значи овој систе со една изборна единица овозможува фер репрезентација и затоа го препорачуваат аналитичарите, затоа што сите заедници ќе бидат претставени. Овој систем овозможува и целосна легитимност на пратениците. Сега има листи на пратеници кои излегоа на изборите, кои освоија значаен број на гласови, а немаат ниту еден претставник. Значи има листи кои на пример на последните избори освоија гласови колку за два пратеници, а ги нема во Македонскиот парламент.

И она што е многу битно господине Маневски нема да може со криминални методи, како со вашиот функционер Јаневски, претседателот на не знам каква Социјал демократска партија да подметнува имиња и да ги лаже гласачите, а на тоа му погодува тоа што има 6 изборни листи. Кога ќе има една изборна листа нема господинот Јаневски во криминален манир да предлага фиктивни кандидати за што треба кривично да одговара и за што треба вие господине министер да поднесете иницијатива, да одговара тој човек, а сега гледаме повторно е висок функционер во Владата во Република Македонија, директор на Управата за заштита на борците. Со криминал заслужено високо функционерско место.

Целиот предлог, господине министре ви се заснива на криминални мотиви. Затоа треба да си го повлечете и да го прифатите овој амандман.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам и јас.

За реплика се пријавени пратениците, Јован Гинев, Кенан Хасипи, Ивица Георгиевски и Тито Петковски.

Има збор пратеникот Јован Гинев, повелете.

**Јован Гинев:** Би сакал да му реплицирам на господинот Манасијевски. Имено сакам да го запрашам дали господинот Манасијевски се согласува да нема претставници во Македонскиот парламент, од дијаспората. Дали тој знае колку илјади граѓани на Република Македонија, за време на монизмот, емигрирале во Америка, Канада, Австралија и Европа, дел од нив се исто така економски емигранти кои сакаат да имаат свои претставници овде. Тој не треба да се прашува колкави ќе бидат трошоците за истите тие пратеници кога ќе треба да присуствуваат на тие седници, туку треба да се запраша, колку кога тие беа на власт, ги украдоа граѓаните на Република Македонија. Благодарам.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам и јас.

За контра реплика се пријави господинот Јован Манасијевски. Повелете.

**Јован Манасијевски:** Почитуван господине Гинев, токму вашето прашање е суштинско. Не само што јас не знам, Владата не знае колку луѓе треба да гласаат. Прашајте ја Владата, појма нема колку луѓе треба да гласаат според овој закон. Тоа е една од причините зошто не треба да се дозволи гласање, затоа што Владата нема никаква евиденција. И ова гласање ќе биде типичен фалсификат каде што тројца пратеници ако треба да се додадат на ВМРО-ДПМНЕ, во евентуални кризни ситуации, каде што нема сигурно мнозинство, овие тројца пратеници да бидат Тројански коњ. Не ви е вас до интересите на дијаспората.

Инаку, да, како либералдемократ сум против да гласаат луѓето кои не плаќаат данок во Република Македонија. Овие луѓе не плаќаат данок во Република Македонија. Таму каде што плаќаат данок, таму нека си гласаат. Тука во Република Македонија ќе гласат оние кои што плаќаат данок и затоа е многу битно колку ќе чини, а овие тројца пратеници, ви кажав, ќе чинат колку 40 пратеници од сегашниот Парламент. Благодарам.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам и јас.

За реплика се е пријавен господинот Кенан Хасипи. Повелете.

**Сулејман Рушити:** Не т

За контра реплика се јави господинот Сулејман Рушити. Повелете.

**Кенан Хасипи:** Благодарам.

Морам да признаам дека имаме мошне интересен амандман и мошне интересно излагање на господинот Јован Манасијевски. Меѓутоа, би

сакал да истакнам дека амандманот во целина е контра дикторен, првиот со вториот дел.

Првиот дел од амандманот предвидува намалување на бројот на пратеници во Македонското собрание, што по автоматизам ќе значи дека за избор на еден пратеник ќе има потреба од поголем број на гласови отколку досегашниот.

Ако се анализира процентуалната застапеност на помалите заедници во вкупното население, уште во стартот се елиминираат две етнички заедници, бошњачката и влашката. Направете ги математиките и ќе видите, отприлика ќе требаат околу 10 илјади гласови за еден пратенички мандат. Со процентуална излезеност од 60%, што е стандардно кај нас ќе имате етнички заедници кои максимум ќе може да соберат 15 илјади гласови, што не е доволно, доколку, се разбира не доаѓа до делење на гласовите, а сите знаете дека има повеќе политички партии. Ние не можеме да очекуваме за припадниците на мнозинските заедници да има повеќе партии, а помалите заедници меѓусебе да се договорат да немаат партии и заеднички да настапуваат. Тоа може да се направи доколку им се обезбедат гарантирани мандати. Инаку никој нема да влегува во изборен натпревар ако не се надева дека токму тој ќе биде добитникот. Значи со смалување на бројот на пратеници во Собранието, во право сте, ќе се заштеди во трошоците, меѓутоа цензусот за избор на пратеник ќе се зголеми и ќе ги стави во незавидна позиција најмалку две етнички заедници.

Второ, зарем мислите дека Собранието ќе си дозволи луксуз на дијаспората да им плаќа авионски трошоци? Канаѓанецот за секоја седница ќе лета и ќе се враќа? Не, ако дојде тој, ќе престојува тука, ќе се смести овде, ќе плаќа кирија. Не му е исплатливо ни нему. Тоа е мое размислување, можеби не сум во право.

Второто прашање е дека со дополнително зголемување, со гарантираните места дополнителни трошоци ќе има. Кажете ми вие која од политичките субјекти од ова Собранието би се согласила во рамките на 120-те пратеници да има гарантирано место.

Кога сега не се согласуваат вон таа квота да има дополнителни гарантирани места, воопшто нема да бидат согласни во рамките на тие 120 да имаат гарантирано присуство во Собранието.Токму од тие причини ние отидовме на квота, која што ќе биде околу овие 120 за да овозможиме согласност од поголемите политички субјекти, бидејќи нема да задираме во нивните интереси. Инаку, со самото задирање во нивните интереси ќе се оневозможи влезот на помалите заедници во Собранието. Благодарам.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам и јас.

За контра реплика е пријавен господинот Манасиевски Јован, повелете.

**Јован Манасиевски:** Господине Хасипи високо ја ценам вашата контруктивност и знам дека во континуитет последниве години вие во сите ваши излагања сте се залагале за систем една изборна единица и оттаму очекувам дека и сега ќе го поддржите овој наш предлог. Инаку, тој не е контрадикторен во овој модел со 120 пратеници, кој што е актуелен додека не го промениме Уставот, нешто со над 6000 гласа со овој одлив се потребни, така што ниту една заедница нема да биде дискриминирана, освен како што кажав влашката заедница со мали резерви. Предлогот од таму не е контрадикторен ако се симнеме на 90 пратеници, тогаш ќе биде потребно нешто под 10 илјади гласа со овој модел, меѓутоа, ако се симнеме на 90 пратеници тогаш се отвора можноста и со квоти да се дополни. Инаку, картите и дневниците се ќе им плаќа Парламентот на тие пратетници, па еве и имотите, одржувањето на имотите на министрите им ги плаќаме. Сеуште Владата не дала извештај три години колку им плаќаме на нашите министри, гастајбајтери тука за нивните имоти во Америка. Срамота е тоа.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам.

За реплика е пријавен господинот Ѓорѓиевски Ивица, повелете.

**Ивица Ѓорѓиевски:** Прво јас би го запрашал претседателот на ЛДП дали е свесен дека говори за луѓе чија бројка изнесува од половина милион, па можеби и до два милиони Македонци. Тоа се луѓе кои се Накедонци, луѓе кои потекнуваат од Република Македонија и ја чувствуваат оваа држава како своја татковина исто како што јас ја чувствувам. Можеби вие не ја чувствувате така, можеби вас ви е тешко што таму има многу Македонци што ја чувствуваат оваа држава и сите прилики и неприлики со кои се соочуваме и тие така чувствуваат и дека доволно е после 50 години кога оваа држава кон нив се однесуваше како маќеа, а не како мајка дека редно е ние како Влада, како Парламент да ги поддржиме нивните барања и да дозволиме само тројца претставници во ова Собрание. Јас сметам дека таа бројка треба да изнесува далеку повеќе, десетина или 15-тина, затоа што се работи за огромна бројка на Македонци, за кои ние секогаш треба да работиме да ги врземе со оваа држава, да ги вратиме колку што е можно повеќе да се поврзат тие луѓе со матичната држава, а не како што работевме 50 години, како што работеше комунистичката власт, која во најголем дел ни ги избрка овие луѓе. Значи, овие луѓе се заминати од Република Македонија под присила, под социјална присила, под политичка присила, затоа што голем дел од тие иселеници биле Македонци што се чувствувале Македонци и некој во комунистичкиот режим ги газел заради тоа, не им дозволувал да бидат Македонци. Ги правеле со сила југословени. Така, не е во ред сега во 21 век кога Македонија има своја држава, кога можеме на тие луѓе барем малку да им вратиме со тоа што ќе

има само тројца претставници. Не знам зошто толку многу се плашите од нив и цело време викате ќе гласаат за нас, за ВМРО ДПМНЕ и тн., можеби треба да поработите малку и вие да се поврзите со нив, да отпатувате до Торонто, до Чикаго, до Австралија секаде каде што има Македонци, да ги разберете, да разговарате со тие луѓе и да видите колку тие луѓе си ја сакаат Македонија. Ова е само почеток на тоа што ние треба да го направиме за нив. Почеток на поврзувањето помеѓу Македонија како матична држава на овие Македонци и на многу други акти што допрва ќе ги направиме. Не се сеќирајте, оваа Влада мисли на сите и ќе се обиде на многу нчини да се поврзе со овие луѓе.

Уште една работа, спомнавте трошоци. Трошоците се најмалку важниот дел од оваа работа. Знаете ли колку средства за други работи биле трошени порано, а не сега за тројца Македонци кои може да ги претставуваат иселениците секаде во светот. Благодарам.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам и јас.

За контра реплика е пријвен господинот Манасиевски Јован, повелете.

**Јован Манасиевски:** Почитуван господине пратеник, кога вашата партија во кандидирала за пратеник, требало да ви каже и да ве запознае дека една од основните задачи на пратеникот е да ги чита законите. За какви 500 илјади до 2 милиони луѓе зборувате кога право да гласаат според вашиот закон ќе имаат само оние што имаат државјанство, оние што имаат пасош. Па, ве молам, немојте со вакви ступидности да го замарате Парламентот. Какви 500 илјади до 2 милиони луѓе. Ви кажав, во Македонија нема орган кој што може да ви каже колку луѓе ќе имаат право да гласаат. Нема таков орган. Затоа, ова е вовед во најбезобразен фалсификат. Не ги изместувајте тезите. Според сегашново законодавство тој што е голем патриот ќе си дојде на избори во Македонија, ќе си плати карта, ќе потроши некој денар тука во Македонија и ќе се гласа. Не може луѓе што не плаќаат ниту денар во Македонија, само да користат од Македонија.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам.

Последниот пријавен за реплика е господинот Петковски Тито, повелете.

**Тито Петковски:** Госпоѓо потпретседател, почитувани колеги.

Јас би сакал овој амандман и овие аргументи што ги изнесе господинот Манасиевски да се гледаат и во контекст на еден друг член од законот. Говорам околу бројот на пратеници во Собранието и заложбата да биде намалена.

Минатата седница кога дебатиравме за Уставот укажав поради кои аргументи сметаме дека треба да се промени Уставот во делот околу бројот на пратениците во Собранието на Република Македонија. Ако го земете фактот дека имаме сега 120 пратеници, можноста од дијаспората 3, и оние разговори што се водат помеѓу Владата и партиите од малцинските заедници, можност е македонскиот парламент на следните избори да брои 133 пратеници. Точно е тоа, нашиот Устав дозволува од 120 до 140 пратеници. Тоа е така, меѓутоа, ако ја земете предвид определбата дека се зголемува надоместокот што политичките партии го добивбаат за освоен глас за 300% во контест со овој амандман и бројот на пратениците да се зголеми, дозволете, за мене тоа е чисто расипништво. За мене тоа е непотребно трошење на државни пари на товар на граѓаните кои и онака живеат во многу тешка економска и социјална положба. Оттука, мислам дека е апсолутно зрела потребата да размислуваме за намалување на бројот на пратениците во Собранието. Аргументите беа изнесени, ние мораме да се компарираме со слични по структура и многу побогати.Земете ја Словенија колку има повисок стандард од нас, а има 90 пратеници и како функционира Парламентот. Ќе ми дозволите да бидам малку и самокритичен, уште еден аргумент плус. Од овие пратеници, не само во овој мандат, 50% можеби говорат, а другите само слушаат и примаат плата. Не смее Парламентот да биде место за вработување на политички активисти, туку решавање на политичките проблеми.

Второ, сосема кусо, околу една изборна единица. Многу аргументи одат во прилог на тезата дека не треба некој да дава или да зема. Постојано овие години station наназад и ВМРО ДПМНЕ и СДСМ како стожер на најголеми партии манипулирале со партиите од малите етнички заедници. Ќе излезат на избори, една иборна единица, ќе си се изборат пред електоратот, ќе се отслика, јас би рекол, најсоодвето расположението на електоратот и ќе се чувствува тогаш дстоинствено во Парламентот, не дека некој му дал или му закинал некој мандат. Благодрам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Контра реплика нема.

Има збор министерот за правда, повелете.

**Михајло Маневски:** Господине претседателе,

Би сакал да дадам образложување околу некои изјави што ги даде господинот Манасиевски. Тој изјави помеѓу другото дека ова е криминален предлог и дека треба да се повлече. Меѓу другото кажа дека сите граѓани се против оваа одлука да се зголеми бројот на пратениците. Тоа значи дека тој е против да гласа дијаспората и што е најнавредливо и што мислат дека пратеникот Манасиевски треба да се извини на државјаните на Република Македонија кои живеат и работат во странство кога изјави дека тие ниту еден денар не даваат, туку само сакаат да користат. Јас мислам дека тоа е врв на еден однос кој што не би требало да се слушне во ова Собрание, заради тоа што чинот дијаспората да гласа е највисок демократски чин и никој не може да ги лиши граѓаните на Република Македонија кои живеат и работат во странство да гласаат. Тоа е

функцијата што треба да се оствари со изборот на тројца пратеници од трите изборни единици од државјаните на Република Македонија кои живеат и работат во странство, а не она што пратеникот сака да го наметне како финансиски проблем, бидејќи тоа не е финансиски проблем, ниту може да биде финансиски проблем. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

За реплика се јави господинот Жерновски Андреј и господинот Манасиевски Јован.

**Андреј Жерновски:** Господине министер, благодарам за вашето учество во амандманот на пратеничката група на ЛДП, таман имаме минута, две, до претседателот да даде пауза, јас би ве замолил сега да ми одговорите на следното прашање. Колку граѓани на Република Македонија ќе имаат право да гласаат согласно вашиот предлог. Ако ми одговорите прецизно, јас ќе ви се извинам. Ако не ми одговорите, вие да се извините. Јас ве повикувам да ми одговорите и немојте да го одбегнувате тоа. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

За реплика се јави господинот Манасиевски Јован.

**Јован Манасиевски:** Токму тоа е клучното прашање. Колега Жерновски, не го мачете министерот, па незнае човекот колку луѓе ќе треба да гласаат по овој закон. Тоа е основниот проблем што никој не знае, ниту најодговорната институција ни приближно колку луѓе ќе треба да гласаат по овој закон. Затоа, ова ќе биде фалсификат и ништо друго.

Вие сега предлагате закон, а елементарна бројка не знаете да ми кажете колку луѓе ќе гласаат по овој закон. Вашите млади колеги говорат два милиони, па ако треба два милиони да гласаат, тогаш ние да си искочиме од тука и уште за 130 да го зголемиме македонскиот парламент, бидејќи Македонци има повеќе во дијаспората, отколку во Македонија. Ве молам, ова е несериозен начин на дискусија. Несериозно е господине министре Владата да ни предлага пропис по кои што господ знае колку луѓе ќе гласаат. Со вашето партизирање на сите ДКП-а ќе биде штанцање на фалсификати. Ќе се јават луѓето од ДКП-ата во политичката партија и ќе прашат кажете колку луѓе ќе треба да гласаат за ВМРО ДПМНЕ, колкав одзив ви е потребен. Нити има систем за контрола, ниту имате систем за спроведување на изборите. Впрочем, во сите извештаи на Венецијанската комисија тоа ви беше јасно кажано господине министре. Таму ве пеглаа поради недугавоста на овој закон. И, вие на ниту едно прашање не дадовте одговор од критиката на Венецијанската комисија која што беше дадена минатата година при прviот обид да се прошверцува вакво криминално гласање во македонскиот парламент. Значи, никакви услови не се обезбедени и вие подготвувате фалсификат.

Она што мене ме чуди, поточно запрепастува е и што опозициониот СДСМ и опозиционата ДПА се согласуваат при здрави очи да бидат крадени на ваков начин. Меѓутоа, тоа е нивна работа, нивна одлука. Ние од ЛДП нема да се согласиме со ваков безобразен фасификат. Не се работи за многу пратеници, меѓутоа начинот на кој што се обидувате ова да го инкорпорирате во законодавството, без елементарна анализа и информации, тоа е еден насилнички начин. Изгласајте луѓето да имаат право да гласаат, а на прашањето колку луѓе ќе гласаат, никој не знае, колку ќе има или колку ќе бидат потребни. Па, знаете што, сега и други математики се. Вие може, ако се тројца пратеници, може на наредните избори во Македонија разликата меѓу условно да кажеме двете големи партии да биде ситна, 20 до 30 илјади гласови, а вие да кажете, па видете, во дијаспората има само 100 илјади македонци. Значи, ога ќе ги собереме и тие од дијаспората и овие во Македонија поголема доверба ужива таа опција што загубила. Разни математики се можно, господине министре, и токму од тоа јас се плашам. Затоа што, во сите изминати циклуси се покажавте како мајстори за фалсификување на избори.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Има збор господинот Жерновски Андреј, повелете.

**Андреј Жерновски:** Благодарам претседателе,

Овој амандман покажа две работи. Имаме два големи крупни проблеми. Едно е што имаме предлог да се вклучи дијаспората во гласањето, а министерот за правда или тој што треба да биде министер за правда цел период наназад, вклучувајќи го и ова сега денес што се случува не дава, не може да даде, затоа што нема одговор на прашањето колку граѓани на Република Македонија ќе гласаат на следните избори, односно ќе бидат клучени според предлогот што точно господинот министер го прашав. И, го видов како се сврти кон помошничката, ниту таа немаше одговор. И, тој е денес, не е ни смешно, јас не се радувам што е тоа така, таа е состојбата денес во Република Македонија. Ќе предлага нешто, а не се знае, прво, колку граѓани гласаат, второ, ако поставам прашање, но не сакам да бидам до крај безобразен, затоа што ќе кажат еве го овој повторно е арогантен, ако прашам колку ќе кошата, јас тврдам дека Владата нема анализа за тоа. Јас сум роден да поставувам прашање, а вие сте родени никогаш да не го давате одговорот, тоа ви е харизмата во политичката кариера и така ќе продолжите, само така се оди напред.

Второ, вториот голем проблем, почитуван господинеминистре е што ако вие ја прочитам, а ќе ви ја прочитам анализата на Венецијанската комисија вие ќе треба да ја напуштите салата. Вие во неколку свои обраќања сте дискутирале за ставовите на Венецијанската комисија и ви кажав во име на пратеничката група на ЛДП последниот пат за укажувањата кои што ќе ви кажам точно

кога се дадени, 7 март 2007 година. Точно од Венецијанската комисија, која што ја знаат повеќе пратеници во скопот на Советот на Европа ви е точно укажано за тоа колку оваа држава има капацитет да организира вакво гласање и колку оваа држава всушност ќе понесе финансиски товар односно граѓаните за тоа што вие го правите. Но, вие сте одлучиле да направите исклучително популистички проект, кој што со ништо не е поткрепен, туку ставот дека ќе гласа 500 или 2 милиони Македонци и тоа е добро за Македонија, да живеат сите што ја сакаат Македонија итн. Но, што е реалноста. Реалноста од точка 5 до точка 9 во насоките односно мислењата кои што вие како Влада на Република Македонија сте ги побарале, точно ви укажува за тоа дали Македонија треба да организира гласање на дијаспората.

Во точка 5, почитуван господине министре, се вели, откако нежно е укажано дека стандардите на гласањето во странство треба да ги задоволат стандардите во Република Македонија, ќе се вратам на стандардите кои што сега ги имаме, а кои што ќе ги прочитаме на 5 односно 6 ноември, на крај вели дека во проектот, тоа како систем треба да се направи во државата, во Република Македонија, треба да се земат предвид многу околности и сега наведува “административниот капацитет”. Имаме административен капацитет?

Потоа, инфраструктурата за која што подоцна се бележи многу прецизно дали Република Македонија има или нема. Нема. Буџетот, за кој што овде некои кажуваат дека е толку лесно да се платат тие работи, се разбира, затоа што граѓаните ги плаќаат и потоа кажува за нивото на доверба која што јавноста ја има во овој избирачки процес.

Понатаму, во точка 6 се вели дека организирањето на гласање на дијаспората е комплексен проект кој што бара значајни ресурси. На крај вели доколку се одлучите да направите ваква работа, да предложите вакво нешто ќе бара дебата во јавноста која што ќе придонесе за граѓаните, гласачите да имаат доверба по овој пропис. Која дебата ја имавте вие организирано за да можеме да стекнеме заедно доверба како граѓани во целиот овој процес.

Број 7, внимавајте сега ќе дојдеме до она што е актуелно во Република Македонија за изборите. Во 2007 година во земјите каде што постои загриженост за базичните моменти во гласлањето, се вели дека гласањето надвор е нешто што се зема како отежнувачки фактор. Тоа е многу прецизна порака и став, затоа што тоа е стилот на Венецијанската комисија, впрочем, каде што укажува дека оваа земја во 2007 година господине министре, ако не можела или добила препорака да биде внимателна дали ќе организира гласање надвор, што станува денес. Верувајте, криво ми е како граѓанин на Република Македонија, загрижен сум што на вакви иницијативи во Брисел ни се смеат. Зошто ни се смеат? Ни се смеат затоа што во периодот кога имаме критика за изборниот процес во Република Македонија, вицепремиерот рекол изборниот ден, кога сме единствена држава во овој контекст кој што има жртва во изборниот ден, ние праќаме порака од ова Собрание, ако сакате од Клубот на пратеници, што би рекле некои пратеници, дека сме спремни да организираме гласање надвор. Тоа е крајно несериозно, тоа е штетно за Република Македонија. Ако ова го велевме ние како пратеници од ЛДП во период кога сепак организиравме избори кои што валижно според извештаите на ОБСЕ и извештајот на Европската комисија, односно Европската унија беа пофалени како најдобри до сега. Како тоа да не го браниме сега кога имаме загриженост за она што се случува во Република Македонија, или како што дискутираше еден пратеник во Советот на Европа дека инцидентот во Македонија е страв за Европа. И вие сакате да ги убедите нашите пријатели од странство, подржувачи од меѓународната заедница, се извинувам, дека ние сме ја сфатиле критиката за тоа дека не сме организирале избори како што треба и станаа наместо осум, девет критериуми за влез во Европската унија и како одговор на тоа, Владата, односно Парламентот праЌаа сигнал, дека сме спремни како држава да организираме гласање надвор. Ве молам, самите знаете многу добро дека ние немаме капацитет да ги организираме тие избори.

Од точка 8, се извинувма што ви го прекинувам муабетот со потпретседателката и партискиот состанок, ќе ви пренесе помошничката, таа што ја прашавте за тоа колку гласачи ќе гласаат, од точка 8 до точка 9, точно е набележано за тоа што Република Македонија како пари, како буџет, како средства на граѓните на Република Македонија ќе бидат потребни. За вас, тие не се интересни. Од точка 10 до точка 12 целосно ви се обраќа за вашата дефиниција за тоа кој смее да гласа, кој не смее да гласа, за во точка 12 ќе каже дека од ова што е набележано, се чини дека само тие граѓани кои што престојуваат во странство помалку од една година, или кои се регистрирано во странство ќе им биде овозможено да гласаат, но во исто време секој граѓанин во странство кој што престојува помалку од 3 месеци, нема да му биде овозможено да гласа. И кажува понатаму дека тоа се ограничувачки фактори, парите. Ќе се плаќале патувања, ќе се плаќале дневници. По член 21 на еден многу прецизен начин се поставува прашањето кој сега што не се отвори сега како дебата во ова Собрание, кој ќе ги набљудува тие избори. Според нашиот принцип, според нашиот модел на работа и нашата традиција, политичките партии праќааат набљудувачи. И во член 21 тоа се поздравува начинот на кој во Република Македонија се обезбедува транспарентноста, но сега го поставува прашањето кој ќе ги набљудува. И овде имате латинска Америка. Јас сакам да ги набљудувам изборите во латинска Америка од име на ЛДП. Кој

тоа ќе го покрие, како ќе го покрие, исто така би ве замолил да дадете одговор на тоа прашање. Значи, комплетно негирање на Извештајот на Венецијанската комисија, со што, фактички ја праќаме пораката иако ги бараме нивните мислење, нас не не интерсираат, затоа што на крајот на краиштата, навистина во стилот на работата на актуелната Влада, што ќе ни е нас Совет на Европа, што ќе ни е нас Европска унија, што ќе ни е нас Венецијанска комисија, кога ние самите овде најдобро си знаеме што е одбро за Република Македонија.

Очекував од вас да дадете одговор на овие прашања, нема да ги добиеме сега, нема да ги добиме утре и затоа, моја порака до сите пратеници е да го гласаме амандманот на пратеничката група на ЛДП, затоа што принципиелно, не знам како еден пратеник може адхок, или што би рекол претходниот парламентарец бонафиде да гласа за некој закон, а при тоа предлагачот во овој случај Владата на Република Македонија да не даде базични податоци за тоа зошто треба, односно не треба да се гласа. И тоа треба да стане принцип на сите парламентарци, без разлика од која политичка партија доаѓаат овде во Собранието на Република Македонија, затоа што мораме да воспоставиме принцип Владата да даде податоци од чија што основа ќе можеме да донесеме одлука за тоа дали да гласаме за, или не.

Се надевам дека овие аргименти ќе бидат прифатени. Нашата битка ќе продолжи понатаму. Ви благодарам

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

За реплика се јави господинот Ѓеоргиевски Ивица и госпоѓата Авировиќ Владанка.

Има реплика господинот Ѓеоргиевски Ивица, повелете.

**Ивица Ѓеоргиевски:** Благодарам претседателе.

Јас навистина, не можам да ја разберам оваа хистерија во ЛДП, зошто им се дозволи на нашите иселеници да гласаат.

Само би сакал да спомнам дека тие луѓе што се отидени надвор од Република Македонија, се надвор од матичната држава, не затоа што сакале да отидат, не затоа што не ја сакале државата. Напротив, ја сакаат многу повеќе од многу луѓе што живеат во Република Македонија, многу луѓе што се и во овој Парламент очигледно. Значи, се работи за луѓе кои заминале од економски причини, од социјални причини, од политички причини кои најголемиот дел од тие причини сте ги предизвикале вие, или вашите претходници во комунистичкиот режим. Значи, се работи за Македонци кои треба да можат да се поврзат со Република Македонија барем преку најмалку тројца пратеници. Што се тројца пратеници? Нивната бројка треба да биде десетина претставници, а не тројца пратеници кои во секој момент можат да ги пренесат чувствата, барањата, мислењата на тие луѓе, а истовремено да видат како да им се пренесе повратно на тие иселеници, како државата се грижи за нив и кои се акти ги презема да се чувствуваат тие граЃани, да се чувствуваат тие луѓе поблиски до матичната држава. Ова не го измислува Република Македонија, ова се практикува во многу држави и во Европската унија, така да чувството и грижата за иселениците и за Македонците надвор од Република Македонија е грижа на државава, е само лик на др жава која се грижи за своите иселници и е држава како што треба да ја градиме и ние како пратеници но и сите останати делови на власта.

Значи, чувството што го покажува оваа Влада, овој Парламент е чувство кое е одоброволено од народот, одоброволено на изборите, затоа што на изборите кои се одржаа пред 4- 5 месеци беше ставено во паограмата на ВМРО ДПМНЕ, дека ќе им се овозможи на иселениците да гласаат и ова е само исполнување за оние гласачи, исполнување на она ветување во кое веруваа многу граѓани на Република Македонија и се што прави оваа Влада и овој Парламент е да ги исполни тие ветувања.

Значи, уште еднаш ве молам, да се потрудите да ја загубите таа хистерија околу иселениците и дека тие тројца пратеници ќе изменат многу во балансот во Собранието и да земете да поработите на поврзување вие како ЛДП со тие иселници, да им ги видите барањата, да им ги видите чувствата и да поработите на тоа на идните избори вашиот кандидат да добие повеќе од 100 гласа. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** За контра реплика се јави господинот Андреј Жерновски, повелете.

**Андреј Жерновски:** Мислам дека на аргументи треба да се одговори со аргументи, не со навреди, не со класично непознавање на законот за кој што разговараме. Во стилот на министерот не сте го прочитале законот. Ако го прочитате законот ќе видите дека кој има право да гласа. Кој има право да гласа, ќе видите дека забелешките се далеку од точни. Да кажеме дека има хистерија во ЛДП. Можеби. Јас сум овде еден од пратениците кои што ако не најмногу, многу роднини во Канада. Меѓутоа, Венецијанската комисија е исто во хистерија? Европската комисија е во хистереија? Мислите дека и Брисел и Стразбур се во хистерија? Ако и ЛДП е во истата хистерија, тогаш е јасно кој е за Европа, кој не е за Европа. Ви благодарам.

**Трајко Вељаноски:** За реплика се јави госпоѓата Авировиќ Владанка, повелете.

**Владанка Авировиќ:** Благодарам претседателе.

Мене ми е јасно дека од денес почнува излегување од една соноленца на либерално политичката опција и дека денеска почнуваат со една своја кампања и нема ништо лошо во тоа. Меѓутоа, мислам дека неоправдано многу настапивте со еден негативен набој во однос на ова прашање и ги поврзувате изборот на

пратениците во Парламентот од дијаспората со начинот на гласање кој што е општо познат и светски верификуван. Еве сега на пример имаше еден таков пример. Мислам дека граѓаните кои што отишле надвор, дека се доволно дисциплинирани, дека си го знаат својот начин на гласање надвор од Република Македонија и дека нема потреба да се плашиме ако на изборите во Македонија се случувале нерегуларности што впрочем е карактериситика за сите избори, не е само за сега, она што сакате да го наметнете. Сигурно дека нема такви ндикации дека и тоа во странство ќе биде. Каде вие имате индикации дека во странство ќе биде нерегуларно. Луѓето кои што имаат пасоши, кои што имаат државјанство, одат во амбасадата, на денот на гласањето се повикани, таму каде што има амбасада. Никој не кажува дека тоа ќе биде идеално во првиот дел. Сигурно дека тоа е еден процес, веројатно дека ќе потрае додека се нормализира, дури сите си го искористат своето право на гласање. Затоа мислам дека беспотребно се дава акцент на изборниот процес надвор од Република Македонија, дека тоа ќе биде српотивно од Брисел, спротивно на ова или на она. Во сите европски земји имаат гласање на дијаспората. Секаде, еве проверете, јас мислам дека го знаете тоа. Како тие не се плашат граѓните што им живеат надвор да гласаат. Зошто пак би било обратно ние да не го практикуваме истиот модел кој што го имаат и тие.

Што се однесува до трошоците, јасно е дека има трошоци и како тоа сега, ме заинтересира еден факт, вие сега толку многу се повикувате на штедење кога сите денешни излагачи се повеќе или помалку во Парламентот од кога им е работниот век. Значи, сега за вас е примарно штедењето кога сте во опозиција, а додека сте биле на власт, тоа не претставувало накој посебен проблем, тоа треба да важи и за вас. Значи, вие ако сте професионалци во Парламентот, кажете дека и другите треба да бидат. Користите државни пари откако сте тука дојдени. Некои не користат такви пари. Според тоа, малку и еден поинаков поглед од оној што го давате.

**Трајко Вељаноски:** За контрареплика Андреј Жерновски, повелете.

**Андреј Жерновски:** Почитувана колешке, ме радува во занесот кога кажувате кој од кога е пратеник. Тргнете те си од вашиот претседател кој што е пратеник од кога е востановена оваа институција во Република Македонија.

Број два, не почиње, туку почнува велите кампањата. Не е точно, затоа набележав дека овие исти ставови, и истиот извештај го кажав 2007 кога држев прес конференција. Не е почеток на кампањата.

Број три, не ги читате препораките но затоа благодарам што ми овозможивте да го прочитам членот 9 вели во однос на предлогот: “Македонија е лимитирана на 45 дипломатски претставништва во странство што ќе предизвика потешкотии гласачите да гласаат. Многу граѓани нема да имаат право да гласаат, затоа што во тие земји нема да има дипломатски пратставништва, односно ќе се случи дискриминација”.

Моето ревносно настапување овде е затоа што, ревносно ги бранам позициите на Македонија да биде дел од ова семејство. Затоа ги читам и ги интерпретирам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Има збор госпоѓа Роза Топузова Каревска, повелете.

**Роза Топузова Каревска:** Благодарам почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници, почитуван министер за правда.

Да бидам искрена за тоа што министерот не му одговори на колегата Андреј Жерновски, колку, јас ќе го повторам прашањето, колку луѓе од дијаспората имаат право на глас, колку ќе гласаат во моментот, како што би рекол вицепремиерот на изборниот ден. Тоа беше прашањето на колегата. Кога не одговори, помислив дека навистина се замисли на ова прашање и сфати дека нема одговор. И логично е да ја прекине дебатата и да каже дека го прифаќа амандманот. Со тоа ќе беа поштедени граѓаните повторно одредени пратеници од ВМРО ДПМНЕ да го искажуваат својот патриотизам за разлика досега враќајќи се од Александар Македонски наназад, сега малку во поблиското минато и повторно да им се додворуваат на луѓето од дијаспората. Не зборуваме за тоа, почитувани колеги пратеници. очигледно е дека во занесот на популизмот не сте ни го прочитале законот, ниту пак го познавате членот 6 се извинувам членот 3, кој што вели: “Државјаните на Република Македонија кои на денот на изборите се на привремена работа или перстој во странство, а се запишани во избирачкиот список, врз основа на евиденцијата од надлежниот орган и пријават за гласање, ќе гласаат за избор на претседател на Република Македонија, за избор на пратеници во Собранието на Република Македонија во дипломатско конзуларните претставништва на Република Македонија во странство, согласно со одредбите на овој закон”.

Сега јас ќе почнам од последната реченица, значи гласаат во дипломатско конзуларните претставништва во странство.

Клоегата Жерновски ви кажа колку конзуларни претставништва имаме ние во странство. Зошто почитувани колеги ги дискриминирате граѓаните од дијаспората, зошто едни да имаат можност да го остварат ова право, а другите да немаат можност. Значи, ако сакаме да ги согледаме работите без популизам, трезвено, врз основа на она што го имаме во Законот кажано и врз основа на податоците кои за жал, ги немаме, ќе дојдеме до заклучок дека навистина, ова е само една популистичка мерка со која што ВМРО ДПМНЕ не толку да сака да купува гласови кај луѓето од

дијаспората, затоа што ако се земаат анализите, ќе видат дека се работи за еден пратеник. Наверојатно слушнавте тука дека другите два пратеника ќе ги имаат партиите од албанскиот блок, ДУИ како што кажаа. Значи, еден пратеник за ВМРО ДПМНЕ, доколку тој биде за ВМРО ДПМНЕ, туку се работи повеќе да им се додворат на граѓаните во Република Македонија. Да кажат дека тие се патриоти кои мислат на оние граѓани кои што ги избркала некоја комунистичка власт.

Почитуван колега, преку 30 илајди млади, стручни, компетенти луѓе се заминати во овие две години од кога вие сте на власт. Како сме се грижеле ние за оние што заминале во времето на комунизмот? Како се грижите вие господине почитуван колега за овие млади луѓе? Дали овие 30 илјади го додавате на тие ваши 2 милиони што имаат право на глас? Јас ќе ви кажам како се грижите. Се грижите со тоа што високите партиски функционери, поготово оние од кабинетот на господинот Никола Груевски, премиерот, кога тој беше министер за финансии не само што добиваат работни места, туку во исто време се и функционери во одредени комисии, каде што добиваат уште еден паричен надоместок и се грижите исто така, што по функционерите по кабинетите на премиерот и на останатите министри, вклучувајќи го и Ставрески сте во пет, шест и повеќе управни одбори од каде што земаат надоместок, колку што изнесува повеќе од тоа што изнесува плата на работник во текстилната индустрија. Е така се грижите вие за младите стручни и компететни луѓе, кои што реков преку 30 илјади се заминати надвор за да си ја бараат својата среќа.

Ова сето што го кажав, што го кажаа моите колеги и наодите од Венецијанската комисија, говорат дека во овој момент ние не сме подготвени. Република Македонија нема направено анализи, нема направено стратегија, нема направено ниту пресметки колку ќе чини финансиски сето ова и сакаат само поради популизам да воведат гласање на дијаспората.

А што се однесува до тоа, како тоа таму ќе биде контролирано, не само како што реков е дискриминирачки, туку се согалсувам со вас, со она што кажа нема да има нереди. Точно, нема да има нереди, ќе се јават високи функционери од овде, партиските војници ќе бидат пратени на екскурзија на државна сметка да ги набљудуваат изборите под наводници, а и да ги обучат како да се наполнат кутиите, затоа што ќе се порачаат од каде колку гласови треба да се испорачаат.

Почитуван колега, навистина не само што сте добро квалификувани за полнење на кутии за што впрочем говори и извештајот кој ќе го добиеме во ноември, за жал, во кој повторно нема датум за преговори, туку и добро сте обучени...

**Трајко Вељаноски:** Ве молам за тишина, да може колешката по амандманот да збори. Продолжете.

**Роза Топузова Каревска:** ...за издавање на лични карти, по амандманот да, како што и еден од колегите кажа дека исто по тој принцип на луѓето од дијаспората ќе им бидат издадени за еден ден и пасоши.

Но, почитуван колега во дијаспората, односно во некои земји немаат можност луѓето да имаат двојни државјанства. Така е во Германија. Еве, еден пример да ви посочам. Таму нашите луѓе кои што веќе имаат германско државјанство го враќаат македонскиот пасош. За жал, овде голем број на пратеници имаат двојни државјанства, а да не зборувам за министри во Владата. Таму и обичните гласачи имаат по едно државјанство. Значи, ако вие мислите дека овие мали итроштини што овде ги правите ќе ви успеат и таму да ги пренесете, многу се лажете.

Но, почитувани колеги, пратеници уште сосема на крајот ќе кажам, амандманот се однесува да не се зголемува бројот на пратениците, напротив со измена на Уставот што ќе ја побара ЛДП затоа што веќе ја отворивме можноста да се пристапи кон измена на Уставот, да се намали бројот на пратениците, да се намалат трошоците затоа што за ваква работа односно неработа на 80% од пратениците нема потреба од 120 пратеници. Тоа е едно, а за едната изборна едицница, за тој модел се говореше доста и навистина без ралика што беше кажано јас сметам дека не само што е поправичен, не само што е многу правно поиздржан, туку дава голема можност на претставниците на малите етнички заедници затоа што впрочем и Македонија сите знаеме дека е мултиетничко општество. Во таа насока очекувам подршка не само од пратениците од дел од опозицијата, туку и од пратениците претставници од помалите етнички заедници. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

За реплика се јавија господиниот Ѓорѓиевски Ивица, господинот Спасеновски Александар и господинот Шутаров Васко.

Реплика има господинот Ѓорѓиевски Ивица, повелете.

**Ивица Ѓорѓиевски:** Благодарам претседателе.

Значи, само една работа би кажал, да сум јас сега во Германија и да имам пасош и да ве слушнам вас и вашите сопартијци како зборувате, па и јас исто би го предал македонскиот пасош. Знаете ли кое е чувството на тие Македонци таму кога слушаат дека пратениците Македонци кои се во Собранието на Република Македонија зборуваат против нив, зборуваат дека ако сум јас во Германија не можам да гласам во Република Македонија, нормално е дека ќе го дадам пасошот, зашто да се вратам таму кога таму луѓето не ме сакаат. Е па не. Со оваа измена на законот ние им испраќаме порака дека оваа Македонија им е нив матична држава и дека не треба да се откажуваат од пасошите, туку напротив да побараат да си добијат пасоши и да

се гордеат со тој пасош како што јас се гордеам, како што секој чесен патриот во Македонија се гордее со пасошот. Можеби некој од вас сака повторно југословенски пасош, нека си побара. Ние се гордееме со македонските пасоши. Или со некој бугарски, можеби имате бугарски пасош, можеби имате и српски. Вие си знаете. Ние младите пратеници,а и сите останати пратеници се гордееме со македонскиот пасош и сакаме и тие иселеници да се гордеат, а тие што немаат да си побараат за да можат на наредните избори да гласаат токму за онаа партија која ги претставува нивните интереси што всушност би биле заеднички интереси.

Затоа ве молам заради тие иселеници, заради тие луѓе што го пратат тоа, за нивните роднини тука, да не изјавуварте такви работи како што изјавувате дека не ги сакаме, да внимавате што зборувате бидејќи погодувате многу фамилии, многу луѓе со тоа што ги отфрлате, што не ги сакате во сопствената држава, така да ние денеска ќе упатиме една порака каде што ќе им кажеме дека ги сакаме што поблиску до Република Македонија колку што е можно почесто да ја посетуваат и нормално кога има избори на начин како што е предвидено во законот да си одат во конзуларните претставништва, да гласаат за онаа партија што ги претставува нив и ги претставува интересите на Република Македонија. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

За контра реплика е пријавена Роза Топузова Каревска, повелете.

**Роза Топузова Каревска:** Благодарам почитуван колега.

Јас на вас се сеќавам кога на митинзите ги веевте знамињата и му аплаудиравте на господинот Љубчо Георгиевски така што југословенскиот пасош не е актуелен, сега се акртуелни други пасоши како што се српски, бугарски, хрватски, особено бугарскиот.

Почитуван колега, вие не внимавате што зборувате. Граѓаните немаат можност да гласаат во својата земја. Па, имаат можност. Ќе го земат автобусот, авионот и било што и ќе дојдат на изборниот ден и ќе гласаат во својата земја. Што е тука што немаат можност. Кога не ги читате законите, не ги барате ни компративните искуства. Тие што имаат германски пасоши, мислам на нашите луѓе, за жал, не можат да имаат и македонски затоа што нивната држава не дозволува да имаат македонски пасоши. Немојте да ги извртувате тезите. Зборуваме за многу сериозна тема.

**Трајко Вељаноски:** За реплика е јавен господинот Александар Спасеновски, повелете.

**Александар Спасеновски:** Благодарам претседателе.

Внимателно ја слушав дебатата околу овој амандман на колегите пратеници од ЛДП, во основа, како што амандманот грубо можеме да го поделиме на два дела, јас ќе се осврнам во однос на двата дела со кои истиот се регулира, првиот дел е во однос на тоа Република Македонија да биде една изборна единица со нефиксни листи, второ, во однос на оневозможување на македонските иселеници да гласаат на изборите.

Мислам дека првата дилема која беше отворена всушност станува збор за една вечна дилема откако практично постојат изборите и често пати се развива таа дебата дали и кој изборен систем е посоодветен мнозинскиот или пропорционалниот со сите варијанти во кои се јавуваат истите.

Во однос на мнозинскиот изборен систем логичен е заклучокот што се извлекува дека тој гарантира поголема биполарност, од друга страна овозможува постабилна Влада и е малку поскап.

Во однос на пропорционалниот, тој овозможува поголемо и хетерогено претставништво и истиот се применува во држави со хетерогена структура, од друга страна гарантира помалку стабилна Влада и е поефикасен.

Системот кој сега го имаме во Република Македонија мислам како регионално пропорционален со 6 изборни единици, мислам дека го овозможува и осигурува она што се нарекува хетерогено претставништво во Република Македонија кое ги одсликува состојбите во македонското општество, од друга страна мислам дека на вистински начин овозможува Владата да биде стабилна за да може во процесот на политичкото одлучување да носи соодветни одлуки исто така го гарантира оној друг елемент кој е резултат на македонската транзиција тоа да биде, колку е можно, поефтино.

Во однос на македонскиот систем би додал дека на вистински начин всушност е инкорпорирани сите овие елементи што ги истакнав и на вистински начин е разрешена дилемата дали Република Македонија да се приклони кон мнозинскиот или кон пропорционалниот изборен систем.

Во однос на предлогот кој вие го давате, мислам дека треба да водиме сметка за една нова дилема која се јавува, а тоа е проблемот со пречестото менување на изборните системи во Република Македонија. Мислам дека на тој начин со постојано воведување на нови промени ќе влијаеме во делот на слабата излезност, ќе имаме особено проблеми во делот на самото спроведување на изборите заради фактот што администрацијата нема да биде доволно подготвена, а сето тоа ќе не води во ситуација да имаме нови фалсификати или нови нерегуларности.

Во таа смисла сметам дека е најпаметно во овој историски момент е да останеме на сегашниот изборен систем и верувам дека така ќе остане.

Во однос на втората дилема за гласањето на дијаспората, мислам дека станува збор за

принципиелни разлики, тука не би можел да дебатирам со вас.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

За контра реплика е госпоѓата Роза Топузова Каревска, повелете.

**Роза Топузова Каревска:** Благодарам почитуван претседателе.

Со особено задоволство би му реплицирала на колегата кој навистина докажа дека и во редовите на ВМРО-ДПМНЕ има пратеници кои што не се исклучиво послушни партиски војници, туку размислуваат со своја глава ги читаат законите, прават компаративни анализи и точно се сложувам дека мнозинскиот модел е надмината работа. Ние го водиме за пропорционален модел, но наместо 6 со една изборна единица. Токму поради тоа, го почитував колегата и пред оваа реплика и други дебати сме отвориле разични теми, но што се однесува до дијаспората и јас го ценам тоа дека имаме разлики, но пред се во едно мораме да се сложиме дека во овој момент не се направени ниту анализи, ниту подготовки да се реализира.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Реплика има господин Шутаров Васко, повелете.

**Васко Шутаров:** Благодарам претседателе.

Јас и должам извинување на почитуваната колешка Роза Топузова Каревска од претходната реплика кажав дека со овие тези ЛДП се диференцира од СДСМ. Сум погрешил ЛДП само наново се позиционира и изигрува добра вила спрема помалите етнички заедници веројатно во договор со СДСМ.

Тоа го декодиравме од вашите две тези од првата мојот колега Спасеновски дебатираше, ќе се задржам на втората.

Извештајот за Венецијанската комисија и нам ни е познат, познати ни се сите извештаи на ОБСЕ и ОДИХР, 7 до 8% од гласачите во избирачкиот список на Република Македонија не се присутни во државата, не знам дали нешто ви значи тој податок.

Втора работа, и вие како Либералдемократи знаете дека демократијата не е ефтина работа и во светски рамки демократијата е скапа работа и Орвеловски кажано колку поскапа толку нејзината иднина е понеизвесна. Кажете ми една земја во Европа во која што дијаспората не гласа и јас на таа земја ќе ви додадам десет. На секоја земја што ќе ми ја посочите која што не работи на инклузија на своето иселеништво со матицата.

Гласањето на дијаспората е политичка одлука. По мое мнение добра, по ваше мнение лоша. Не е во прашање само политичката одлука, туку методологијата на гласање на дијаспората која што во секој случај ќе ни покаже дека нема да биде ефтина работа. Но демократијата во овој смисол навистина нема цена. За инклузија на дијаспората кон матицата и во политички и во стопански и во секаков друг смисол и во економски смисол. Јас навистина не знам зошто толку срдење ако нашите иселеници кои што се на привремена работа и престој во странство се вклучат во одлучувањето во политичкиот систем на нашата земја. И навистина сметам дека се беспредметни мислењата дека со таа популација може да се манипулира. Сметам дека и тие луѓе се во линк со случувањата во нашата земја, колку се толку се, и сметам дека навистина ќе знаат да донесат правилна одлука во некое следно гласање.

Роковите што Република Македонија ги има и не се толку кратики, во 2009 година нашите сонародници во странство нема да гласаат, тоа ќе се случи дури на наредните парламентарни избор. Бројот на нашите ДКП-еа во странство од извештајот на Венецијанската комисија не е истиот, оваа Влада работи на зголемување на ДКП-еата во странство. Ако вас добро ве разбрав дури Република Македонија не отвори конзулати или амбасада во Нова Гвинеа Бисао и Нова Гвинеа Бисао нашата дијаспора навистина треба да остане надвор од сите политички процеси. Ако добро ве разбрав. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

За контра реплика госпоѓа Роза Топузова Каревска, повелете.

**Роза Топузова Каревска:** Почитуван колега, навистина не знам зашто во се гледате конспирација, ако даваме можност и на помалите етнички заедници да бидат дел од овој Парламент, без да бидат зависни од поголема политичка партија.

Второ, добра ви е дискусијата и јас се сложувам во најголем дел со нејзе. Но, почитуван колега молчењето на министерот, не одговарањето, покажа дека немаме анализи. Во овој момент Република Македонија не е подготвена, нема капацитет да го изведе тоа гласање, да го спроведе, за тоа говориме. Говориме конструктивно, не говориме дека сме против гласањето на дијаспората децидно, затоа што вие сакате да ги извртите тезите, за жал, меѓутоа не ви почиваат на аргументи. Ние со аргументи го браневме нашиот амандман, а вие со популизам и политички маркетинг. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Бидејќи е исцрпена листата на пријавени пратеници за збор, констатирам дека претресот по амандманот е завршен.

Амандман го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 62 пратеници. Од нив за амандманот гласаа 9 пратеници, воздржани пратеници нема, против гласаа 53 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот за менување на член 2, поднесен од пратениците Јован Манасијевски, Роза Топузова Каревска, Ристо Пенов, Ѓорѓи Оровчанец и Андреј Жерновски, под архивски број 07-4558/27.

Отворам претрес по амандманот за менување на член 2, поднесена од пратениците Јован Манасијевски, Роза Топузова Каревска, Ристо Пенов, Ѓорѓи Оровчанец и Андреј Жерновски, под архивски број 07-4558/28.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за правда, повелете.

**Михајло Маневски:** Благодарам претседателе.

Владата не го прифаќа амандманот, со оглед на образложенијата што ги дадов по претходните амандмани кои не беа прифатени, а што се однесуваат за нефиксните листи.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Ги повикувам пратениците кои сакаат да говорат по амандманот да се пријават за збор.

За збор се јавија господинот Манасијевски Јован и госпоѓата Роза Топузова Каревска.

Има збор господинот Манасијевски Јован, повелете.

**Јован Манасијевски:** Благодарам почитуван господине претседателе.

Со овој амандман пратеничката група предлага граѓаните при избор на локалните совети да имаат право да гласаат на таканаречени нефиксни листи. Повторно истиот принцип што го образложивме како кај листите за кандидати за пратеници. Значи сега во овој момент според актуелното законодавство граѓаните кога излегуваат на локални избори гласаат за листи на советници според однапред фиксиран редослед направен од локалните партиски раководства, а многу често и од врвот на партијата. Таа ситуација мора да се промени.

Оттаму предлагаме, граѓаните со нефиксните листи, тие во крајна линија да ја креираат изборната листа и избраните советници во локалните парламенти. Со нефиксните листи на граѓанинот му се овозможува да го заокружи оној кандидат за советник кој што граѓанинот смета дека најдобро ќе ги изразува неговите интереси, а не оној кандидат кој што му е најмил на партискиот лидер, било локален, било на централно национално ниво на политичката партија.

Очигледно не покажавте капацитет да усвоите ваков амандман кога се работи за пратеничките листи. Мислам дека ако имате трунка желба за развивање на демократијата особено на локалната демократија која е ркулец на било кој облик поразвиен од демократијата дека сега ќе го прифатите овој амандман. Зошто? Затоа што на граѓаните им се дава најнепосредно право тие да одберат кој советник ќе ги претставува во Советот на единицата на локалната самоуправа. Ова е особено значајно кога станува збор за поголемите општини, затоа што граѓаните се групираат и врз основа на микролокациски интереси и сакаат да имаат претставник кој што интересите од нивниот кварт, од нивната населба ќе ги застапува во Парламентот. Вие на овој начин, ако не го прифатите овој амандман, им ја одземате таа можност и што ќе имаме за резултат? Ќе имаме за резултат листата на ВМРО-ДПМНЕ за локалниот совет во Битола наместо битолчани ВМРО-вци ќе ја прави Никола Груевски. Листата на советници за ВМРО во Куманово наместо кумановските ВМРО-вци повторно ќе ја прави Никола Груевски. Истото, да не ме сфатите погрешно нема да се случува само во ВМРО-ДПМНЕ, ќе се случува кај сите други партии затоа што ние стимулираме систем кај што се одлучува на таков начин кај што партиските врвови одлучуваат и кој ќе биде советник во најмалата општина. Мора да ја прекинеме таа спирала на лошо демократско работење и раководење. И дајте ако не покажавте слух за изборот на пратеници ова е шансата да се опробаме на наредните локални избори да видиме ако овој модел функционира ќе можеме да влеземе во наредна фаза.

Ако не функционира овој модел, ние од ЛДП ќе се извиниме, ќе се повлечеме и нема виќе никогаш да го поставиме во однос на изборот на пратеници. Меѓутоа нема право Владата, особено затоа што се работи за категорија како што е локалната самоуправа, која што е уставно одвоена сега тука Владата преку парламентарното мнозинство наложува избор на систем по кој што граѓаните на секоја општина ќе ги избираат своите советници. Тоа не е демократски и не е фер. Тоа го поттикнува, го охрабрува партискиот централизам до невидени граници. Тоа дефакто ги прави локалните партиски раководства комплетно непотребни, неважечки, невалидни, без сопствена иницијатива, без сопствена автономија, без сопствена независност, туку ги прави само слепи послушници на партиските лидери.

Навистина ми е многу тешко што не се разбира повеќе елементарен факт. За жал ова е еден крајно добронамерен предлог. И вие, ако направите анкети, знаеме дека премиерот Груевски многу милува анкети, секоја недела нарачува по една анкета, нека направи анкета на овие прашања, нека ги праша, не кај другите, кај своите членови, кај членовите на ВМРО-ДПМНЕ дали тие би ги избрале во локалните совети, во Парламентот, во Владата Миле Јанакиевски, Гордана Јанкуловска, Ставрески, другарите на премиерот Груевски кои што немаат ниту ден партиски стаж. Значи, една таква анализа господине министре би покажала дека ВМРО-вците во Битола, како и Либералдеморкатитете, како и социјалдемократите не сакаат Скопје да им кажува кој ќе им биде советник во Битолската локална самоуправа, затоа што кога им кажуваат од Скопје кој ќе биде советник тогаш во локалната самоуправа, во Советот на Битола не можат да покренат иницијатива која што води кон развластување на Скопје. Ова што го говорам за Битола се однесува и за Охрид и за Прилеп и за Тетово и за Струмица и за Штип.

Кога партискиот лидер ве именува по овој систем тоа дефакто е така, советник во локалната самоуправа, вие слепо ќе ги следите наредбите од Скопје и нема да имате сопствен глас во локалната самоуправа. Затоа и градоначалниците кои што многу ги фалите, навистина без причина, од вашите редови, како Битола и Прилеп, воопшто ги немаме чуено со ниту една иницијатива во изминатите 4 години каде што бараат развластување на Скопје за Битола и Прилеп да добијат повеќе ингеренции. Што е нормално, не го бараат тоа за себе и не би го барале за себе, го бараат за граѓаните, меѓутоа, не чувме ниедна таква иницијатива, нема ни да чуеме во наредните 4 години, затоа што со овој изборен систем поттикнуваме и охрабруваме модел на слепо послушништво, дури и во советите на советниците на локална самоуправа. Што е многу многу е. Навистина се претерува во секоја смисла.

Очекувам пдоршка од сите пратеници што размислуваат со своја глава и што сакаат да направат исчекор демократски. Дајте да се обидме, ќе видите колку листите што ќе ги изберат граѓаните ќе се разликуваат од листите што ги поднеле партиите. Дајте да го овозможиме тоа затоа што е во интерес на граѓаните, е во интерес на единиците на локалната самоуправа кои што ќе градат автономна независна политика од централната валст. На крајот на краиштата не приближува кон европските стандарди, стандарди на независно автономно одлучување онаму каде што за тоа лежат надлежностите, во овој случај со единиците на локална самоуправа.

Уште еднаш барам подршка од сите пратеници за овој амандман. Амандманот им дава сила, реална моќ на граѓаните да ги бираат реалните претставници во локалната самоуправа, не да им ги бираат скопските централи. Благодарам на вниманието.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

За реплика се јавија господинот Зоран Петрески и госпоѓата Анета Стефаноска.

Има збор господинот Зоран Петрески, повелете.

**Зоран Петрески:** Почитуван колега Манасиевски, навистина ме зачудува и искрено ме загрижува тоталитаризмот за кој што зборувавте дека владее во нечии партиски редови. Навистина не знам за која партија тоа го зборувате, но навистина тоа изгледа страшно. Ова чисто информативно да ве информирам дека јас го имам тоа право да го кажам после 18 години партиски живот во ВМРО-ДПМНЕ и никогаш, ама никогаш Скопје не одлучувало за ниту една листа на совети во било која општина во Република Македонија.

Во ВМРО-ДПМНЕ постои транспарентен и демократски начин на номинирање на кандидати за советници во секоја една општина и апсолутно централата во Скопје во ниту еден момент со ништо не се вмеќува во редоследот на лситата и со кандидатите кои што треба да се најдат на листата.

Лично смтам дека овој предлог и ова размислување за слободни или нефиксни листи, кој што вие го предлагате е добар, можеби во една идна перспектива треба да разговараме за воведување на едно такво правило, но ме чуди зошто претходно, во текот на постапката на усвојување на овој предлог измени и дополнување на Изборниот законик не го предложивте. Зошто на јавната расправа не сугериравте една ваква можност, туку сега излегувате со вакви предлози. Веројатно одлуката да се дистанцирате од СДСМ ја донесовте многу подоцна и сега на врат на нос гледате што повеќе забелешки да дадете на било кео законско решение.

Инаку, негативности на овој ваш предлог секако се и моменталните состојби со коалиционите партнери. Многу ќе ја отежни можноста да имаме коалициони листи на советници во општините до колку имаме нефиксни листи и исто така голем проблем ќе биде територијалната застапеност на советниците. Ако имаме две доминантни места во една општина поголеми, практично советниците ќе бидат избирани токму од овие општини, а населените места кои што имаат мал број на жители не ќе имаат можност да бидат застапени бидејќи нема да имаат доволно гласачи за да се најдат на повисоките места на листите.

Истото важи и за претставниците на понежниот пол односно на жените кои што не би имале простор да се најдат на листите. За тоа веќе зборуваше колегата Шутаров. Благодара,

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

За контра реплика се јави господинот Јован Манасиевски, повелете.

**Јован Манасиевски:** Почитуван господине Петрески навистина го почитувам вашето искуство, сме воделе многу битки заедно во 1994, 1996 и 1998 година и затоа во мојата реплика према вас ќе бидам нежен.

Имено, токму ВМРО-ДПМНЕ покажа на големо барање на граѓаните на Струмица, Неготино и Гевгелија, Зоран Ставрески беше носител на 4-тата листа, а на уште поголемо барање на граѓаните од Битола Антонијо Милошоски беше носител на 5-тата листа.

Ве молам господине Петрески добро знаеме како стојат работите. Партиските врхушки за жал определуваат се. Што е поголема партијата тоа централизацијата е уште поголема.

Затоа ви благодарам на генералната подршка, ако не дадете подршка сега се надевам дека во некоја наредна прилика, кога според вас ќе созреат условите ќе дадете подршка, меѓутоа немојте да ги лажете граѓаните, секое место се одредува од партискиот врв.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Има збор госпоѓа Анета Стефаноска, повелте.

**Анета Стефаноска:** Благодарам претседателе.

Почитуван колега и јас решив да ви реплицирам бидејки навистина претеравте со вашата дискусија во врска со амандманите што ги поднесовте.

Ви препорачувам дека најдобро ви е да се занимавате со вашата партија и односите внатре во вашата партија, а не со ВМРО-ДПМНЕ. Не е добро како лидер на една партија да посочувате постојано имиња бидјеки кампањата не се состои во тоа. Многу лошо започнавте од денеска па натаму.

Што се однесува до квлаитетот на градоначалниците, градоначалникот во Битола служи за пример како треба да работи еден градоначалник. Служи за најдобар пример во цела Република Македонија, бидејки ако сте биле скоро во Битола, Битола е градилиште. Се гради во сите сфери, сите луѓе се задоволни и тоа го покажуваат анкетите. Градоначалникот котира 80%.

Ако вие не сте информирани за тоа, а верувам за жал дека вие немате ниту кој кандидат, се чудите кој да го истакнете. Немате кандидат во градот Битола. Жалосно е тоа што вие тука се занимавате со непродуктивни дискусии. Добро е внатрешно партиските односи да ги средите, да си соберете луѓе кои што би биле квалитетни како што има ВМРО-ДПМНЕ, а не да посочувате имиња.

Второ, во врска со мојата реплика, сега ќе се задржам на друго прашање.

Прво, почитуван колега ние не сме во Англија да стоите тука простум, бидејки Деловникот не вели тука да правите циркузијади. Навистина ми изгледате мене многу смешно зошто ова го правите денеска и ви препорачувам да се однесувате така како што треба да се однесвуате во Македонија и согласно нашиот Деловник. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

За контра реплика се јави господинот Јован Манасиевски, повелете.

**Јован Манасиевски:** Благодарам госпоќо Стефаноска на препораките.

Јас се однесувам европски како што се однесуваат нашите колеги пратеници во 95% од европските парламенти. Било кога кога земаат збор стојат простум, исправено затоа што се обраќаат на граѓаните кои што ги избрале и затоа што се обраќаат на своите почитувани колеги.

И точно е јас не сакам да останам овде во ваквата Македонија ваша, со ваков рејтинг, туку сакам Македонија да стане европска и ваквиот начин на мојата дискусија е еден мал придонес.

Инаку, во Битола ќе истакневме многу посериозен кандидат на вашиот градоначалник кој што ако има 80% рејтинг навистина тоа мора сите да не загрижи, цела Република Македонија останува фактот дека градоначалникот во Битола овие 4 години со ниедна иницијатива не се појави со која што ќе бара поголеми надлежности на Битола ... Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Со оглед на времето, бидејки е 14,00 часот тука ја прекинувам седницата. Продолжуваме во 15,30 часот.

Во 15,00 часот свикувам координација во Охридската сала со координаторите, потпретседателите на Собрание и претставникот на Владата.

Меѓувреме пристигнатите амандмани да бидат поделени на пратениците и да бидат ставени во сценариото за да може да се продолжи да се работи.

Продолжуваме со работа во 15,30 часот. Благодарам.

(Седницата прекина со работа во 14,00 часот)

(По паузата седницата продолжи со работа во 15,55 часот)

**Трајко Вељаноски:** Продолжуваме со работа.

Има збор госпоѓа Топузова Каревска Роза, повелете

**Роза Топузова Каревска:** Благодарам почитуван претседателе.

Почитувани колеги пратеници, почитуван министер,

Очигледно дека за некои пратеници уште не е почнато работното време по паузата, но без разлика, овие што се тука се надевам дека ќе ги убедам овој пат да го прифатат амандманот, а можеби пак тие ќе успеат да убедат некои од колегите кога ќе се вратат за гласање да дадат поддршка на амандманот од ЛДП.

Имено, првиот амандман кој што го имавме поднесено се однесуваше на тоа да се смени, значи во појмовите да се внесе “нефиксна листа” и ние пратениците од ЛДП долго време дебатиравме што значи тоа да се гласа по нефиксна листа, односно колку е тоа значајно за развојот на демократијата во Република Македонија, за можноста граѓаните сами да избираат кој ќе ги претставува во законодавниот дом и колку е тоа важно за развојот на партиската демократија. За жал, тој амандман не беше прифатен, пратениците очигледно дека немаат желба народот да одлучува кој ќе ги претставува во собраниските клупи, туку имаат и понатаму желба лидерот да биде тој кој што ќе одлучува кои пратеници ќе се најдат во Собранието на Република Македонија.

Овој амандман кој што сега го имаме се однесува на советите. Имено, она што ние го баравме за пратениците, бараме да се спроведе и на ниво на локална самоуправа, односно листите кога ќе гласа народот за советите да бидат исто така нефиксни и да може граѓаните да ги избираат советниците сами, по нивен избор. Ова е уште позначајно затоа што во малите средини луѓето

најдобро се познаваат и знаат кој може нив да ги претставува. Можеби ако некој овде имаше дилема околу тоа, околу пратениците, дали ќе бидат застапени од сите мали места или помали места како што се: Виница, Демир Хисар, Гевгелија итн и ако ние со аргументи образложивме дека не е така, и дека ќе може и од тие места да има пратеници во Парламентот, овде таа дилема ја немаме. Значи листите за советници со тоа што ќе бидат нефиксни, со не однапред даден распоред од страна на партиските лидери, и што е најтрагично, партиските лидери ќе ги одредуваат листите не само на централно ниво како што е за парламентарните избори, туку и на локално ниво. Тука ќе можат дури ни партиските штабови во одредени градови, да речеме Битола, Охрид, Прилеп итн, нема да одредуваат кој ќе ги претставува во советот. Ако го имаме во предвид значењето на локалната самоуправа која ја има и улогата што и понатаму треба да ја има и да јакне се повеќе, тогаш сметаме дека е многу важно на граѓаните од населените места, градовите или помалите општини да им се даде можност сами да ги избираат советниците, односно кој ќе ги претставува, дотолку повеќе што тие ќе изберат луѓе, можеби во тој случај нема да се гласа и строго партиски, луѓе кои најдобро ќе ги бранат и ќе ги застапуваат нивните локални интереси, затоа што тие ги знаат луѓето, можеби ќе гласаат и по стручност и компетентност, кои можат да ги застапуваат во локалната самоуправа, затоа што во локалната самоуправа треба луѓе кои во целина се запознати со проблемите кои ги мачат граѓаните на локално ниво.

Токму поради ова, уште еднаш би замолила до пратениците, да размислат добро, на парламентарното мнозинство и на опозицијата од СДСМ, ВМРО-ДПМНЕ, ДУИ и ДПА и да им дадат можност на граѓаните не само декларативно туку суштински да ги изберат нивните претставници во советот на единиците во локалната самоуправа.

Ја очекувам поддршката и мислам дека со тоа ќе покажеме дека пратениците размислуваат поинаку отколку некои паритски лидери и дека пратеници ако не за себе, барем на советниците им даваат можност да бидат избрани од страна на граѓаните. Ви благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Бидејќи е исрпена листата на пријавени пратеници за збор, констатирам дека претресот по амандманот е завршен.

Пред да го ставам амандманот на гласање, ги повикувам пратениците да влезат во салата, за да го ставам амандманот на гласање.

Молам, службите да утврдат точен број на присутни пратеници во салата.

Во салата се присутни 57 пратеници.

Ги повикувам пратениците да влезат во салата за да преминеме на гласање.

(Присутните пратеници чекаат да се создаде кворум за гласање)

Во салата сега се присутни 61 пратеник и можеме полноважно да гласаме.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 58 пратеници. Од нив за амандманот гласаа 4 пратеници, од гласањето не се воздржа никој, против гласаа 54 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот за менување на член 2 поднесен од пратениците Јован Манасијевски, Роза Топузова Каревска, Ристо Пенов, Ѓорѓи Оровчанец и Андреј Жерновски под архивски број 07-4558/28.

Отворам претрес по амандманот на член 4 за додавање нов став 2 по ставот 1, поднесен од пратениците Јован Манасијевски, Роза Топузова Каревска, Ристо Пенов, Ѓорѓи Оровчанец и Андреј Жерновски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за правда, повелете.

**Михајло Маневски:** Благодарам претседателе.

Амандманот што е поднесен на членот 4 ставот 1 за додавање нова алинеја 5, Владата не го прифаќа бидејќи во членот 7 став 2 од Изборниот законик јасно се наведува дека право да биде избран за пратеник, член на совети, градоначалник има секој државјанин на Република Македонија. Доколку евентуално се прифати ваков амандман, тогаш би ги дале ингеренциите на друг специјален закон, тоа е Законот за државјанство, меѓутоа, мислам дека Изборниот законик тоа не може да го направи и амандманот од тие причини не го прифаќаме.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Амандманот не се прифаќа.

Пред да преминеме понатаму, процедурално бара господинот Алиу Имер, повелете.

**Имер Алиу:** Благодарам господине претседателе.

Имајќи го предвид фактот дека на последната координација излегоа неколку нови моменти за кои не е постигнат консензус на лидерската средба, ние цениме дека тие моменти се надвор од рамките на консензусот постигнат за Изборниот законик, оценуваме доколку се реализираат тие заклучоци овој консензус се загрозува да не успее. Со цел на натамошна координација и консултации, во име на ДПА, барам еден час пауза. Ви благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Тука ја прекинува седницата.

Продолжуваме во 17,10 часот.

(Пауза од 16,07 часот)

(По паузата седницата продолжи со работа во 17,11 часот)

**Трајко Вељаноски:** Продолжуваме со работа.

Амандманот од страна на Владата не е прифатен.

Ги повикувам пратениците кои сакаат да говорат по амандманот да се пријават за збор. Благодарам.

За збор се пријавиле господинот Манасиевски Јован, господинот Жерновски Андреј и госпоѓата Топузова Каревска Роза.

Пред да дадам збор, процедурално се јавија господинот Алиу Имер и госпоѓата Каровска Топузова Розза.

Има збор процедурално господинот Алиу Имер, повелете.

**Имер Алиу:** Ви благодарам господине претседателе.

Имајќи го предвид фактот дека помина еден час пауза, што како парламентарна група ја побаравме, а имајќи го предвид и фактот дека во текот на овој период не добивме одговор во однос на нашето барање, можам да констатирам дека Демократската партија на Албанците нема да ги поддржи измените предложени во Изборниот законик, бидејќи констатиравме дека некои од измените што се предлагаат излегуваат надвор од рамките за што нешто се постигна консензус на лидерската средба.

Ние сме целосно свесни дека вие, како парламентарно мнозинство го имате потребното мнозинство и овие измени и дополнувања на Законикот ќе ги донесете. Но, треба да имате предвид дека со ова уште еднаш се потврдува дека во Македонија нема вистински политичкид ијалог и, кога го имам предвид фактот дека сме во пресрет на Извештајот на Европската комисија, каде што ние како партија го дадовме нашиот придонес овој Извештај да биде што повеќе позитивен, уште еднаш констатираме дека нема политички дијалог. Само се симулира политичкиот дијалог и во постапката кога треба овој дијалог да се материјализира, како што е случај со измените и дополнувањата во Изборниот законик, секогаш од парламентарното мнозинство се настојува да се излезе надвор од рамките во кои што претходно, лидерите на четирите најголеми политички партии се договориле. Ви благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Сепак би сугерирал, не би требале прерано да давате оценки за одредени случувања, особено што вие, господине Алиу бевте присутен на таа лидерска средба во однос на договарањата. Јас не сум присуствувал. Затоа е пожелно да се усогласите, нешто што е договорено. Во однос на тоа што некој не присуствувал таму, не може да кажува дали е договорено така или не е договорено.

(За процедурална интервенција се пријави господинот Имер Алиу)

Со оглед на тоа што претходно процедурално има госпоѓа Топузова Каревска Роза, повелете.

**Роза Топузова Каревска:** Завршете претседателе. Се надевам, нема проблем, завршете. . .

**Трајко Вељаноски:** Вие не можете да диктирате овде кој како да дискутира. . .

**Роза Топузова Каревска:** Добро, јас се извинувам.

**Трајко Вељаноски:** Или имате процедурално или немате.

**Роза Топузова Каревска:** Имам, да.

**Трајко Вељаноски:** Ако имате процедурално, повелете три минути се ваши.

**Роза Топузова Каревска:** Добро, благодарам.

Почитуван претседателе, јас би ве замолиле да имате разбирање за пратеничката група на Либерално демократската партија, дотолку повеќе што амандманите што следуваат се поднесени од пратеници од ЛДП, меѓу другите и овие тројца пријавени за дискусија по амандманот, поради протоколарни обврски. Имено, се работи за средба со министерот на Европската унија од Шведска, бидејќи пратениците од ЛДП ќе присуствуваат, а која средба започнува за неколку минути, јас би ве замолила овде да ја прекинете седницата. Или, ако одиме според Деловникот барам пауза во име на пратеничката група на ЛДП од еденчас.

**Трајко Вељаноски:** Добро, тоа е ваше право.

Но, јас мислам дека со господинот Јован Манасиевски се договоривме да работиме до 17,30 часот. Но ако отстапувате од тоал, не е проблем.

Претходно, јас би замолил, мислам дека секогаш треба да го почитуваме договорот што претходно го постигнуваме. Но, ваше право.

Претходно, пред да ја прекинам седницата, господинот Имер Алиу, па да ја прекинам седницата и да продолжиме понатаму.

Процедурално има збор господинот Имер Алиу, повелете.

**Имер Алиу:** Благодарам претседателе.

Веднаш ќе се надоврзам на вашата последна реченица.

Значи, да го почитуваме она што е договорено. Вие ме повикувавте и со право рековте дека јас сум бил присутен на последната лидерска средба, каде што се разговарало и беше постигнат договор што денеска и во следните денови требаше да се имлементира.

Но, токму заради тој факт што јас бев присутен на таа лидерска средба, многу добро ги знам поединостите и токму заради тоа се нашите забелешки, овој Предлог за изменување и дополнување на Изборниот законик да биде како што се договоривме.

Ве молам, сега како што вие предлагате, вие мнозинството, Изборниот законик не е она што се договоривме на лидерската средба. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Овде ја прекинувам седницата.

Продолжуваме утре во 11,00 часот.

(Седницата прекиона со работа во 17,18 часот)